9637
Завод за заштита на споменици на култура на град Скопје
91000 Скопје

СЛУЖ

НА СОЦИЈ ЛИСТ ЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општествено книговодство 60802-603-19644

Петок, 22 мај 1981

БЕЛГРАД

БРОЈ 29 ГОД. XXXVII

Цена — — — ј б — ј е 30 — — — . Аконтацијата на претплатата за 1981 год. изнесува 800 динари Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

269.

Врз основа на член 327 од Уставот на СФРЈ и член 70 од Деловникот за работа на Претседателството на СФРЈ, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 15 мај 1981 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за период од една година, почнувајќи од 16 мај 1981 година, се прогласува членот на Претседателството на СФРЈ од СР Словенија и досегашен потпретседател Sergej Kraigher.

Бр. О-16
15 мај 1981 година
Белград

Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Цвиетин Мијатовиќ, с. р.

270.

Врз основа на член 327 од Уставот на СФРЈ и член 70 од Деловникот за работа на Претседателството на СФРЈ, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 15 мај 1981 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за период од една година, почнувајќи од 16 мај 1981 година се прогласува членот на Претседателството на СФРЈ од СР Србија Петар Стамболиќ.

Бр О-17,
15 мај 1981 година
Белград

Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Цвиетин Мијатовиќ, с. р.

271.

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за Советот на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/74), Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 8 мај 1981 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА СЕКРЕТАР НА СОВЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

За секретар на Советот на федерацијата се именува Лазар Удовички, досегашен секретар на Советот на федерацијата.

Бр. О-14
8 мај 1981 година
Белград

Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Цвиетин Мијатовиќ, с. р.

272.

Врз основа на член 27 од Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/76 и 66/80), на точка 3 2 3.3. ст. 5 и 6 од првиот дел на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/81) и член 7 ст. 17 до 20 и став 22 на Договорот за основите на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година за усогласување и насочување на тековите на општествената репродукција („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, а врз основа на претходно прибаваното мислење од органите на Стопанската комора на Југославија и Сојузот на синдикатите на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ЕДИНСТВЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА БИЛАНСИТЕ НА ОСНОВНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ НА РЕПУБЛИКИТЕ НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ И НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Единствената методологија за изработка на билансите на основните земјоделски и прехранбени

производи на републиките, на автономните покраини и на федерацијата според одредбите на оваа одлука (во натамошниот текст: Единствена методологија) се применува при изработката и донесувањето на билансите на основните земјоделски производи и на производите на прехранбената индустрија, и тоа на: пченица, брашно, пченка и ориз; шеќерна репка и шеќер; сончоглед, соја и маслодајна репка и масло за јадење; тутун; говеда, свињи и овци; говедско, свињско и овчо месо и волна.

2. Врз основа на Договорот за основите на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година за усогласување и насочување на тековите на општествената репродукција, федерацијата, републиките и автономните покраини преземаат мерки, во рамките на своите овластувања, самоуправните организации од областа на производството на земјоделски и прехранбени производи и другите заинтересирани самоуправни организации и заедници, како и општествено-политичките заедници, во рамките на своите надлежности, да ги обезбедат потребите на населението во храна, суровини за преработка, стоковни резерви на човечка и добиточна храна и зголемување на производството за извоз. Со таа цел, врз основа на меѓусебно усогласените планови на развојот на самоуправните организации и заедници од областа на производството на храна и на другите заинтересирани самоуправни организации и заедници, до 30 јуни 1981 година, се утврдуваат, врз основа на Единствената методологија, билансите на републиките и на автономните покраини за производството, потрошувачката, стоковните резерви, извозот и увозот за периодот од 1981 до 1985 година.

Врз основа на билансите на републиките и на автономните покраини на ниво на федерацијата се донесуваат усогласените биланси на производството и на домашните потреби, на увозот и извозот, вклучувајќи ги и стоковните резерви на ниво на федерацијата, до 31 јули 1981 за периодот од 1981 до 1985 година. Врз основа на така билансираните можности на производството и задоволувањето на домашните потреби се предвидува можноста за извоз и потребата од увоз на тие производи што не можат да се обезбедат со производството во земјата.

Билансите на основните земјоделски и прехранбени производи претставуваат аналитичко-документационен основ за долгорочно самоуправно спогодување на сите заинтересирани самоуправни организации и заедници заради долгорочна ориентација кон развојот на земјоделското производство, а заради договарање на производството и на испораките за домашни потреби и за извоз, како и за регулирање на други меѓусебни обврски на производителите и на потрошувачите на храна.

3. Тргнувајќи од билансите што се утврдуваат за среднорочниот плански период, секоја година во републиките и автономните покраини, најдоцна до 1 септември, а на ниво на федерацијата — до 10 септември текуштата година се утврдуваат меѓусебно усогласените биланси за наредната година. Со тие биланси се утврдуваат производството, потрошувачката, извозот, увозот и резервите и тие служат како основ за самоуправното спогодување и за навременото договарање на производството и на испораките за домашни потреби и за извоз, пред почетокот на процесот на производството.

4. Билансите на ниво на федерацијата за среднорочниот плански период ги изработува Сојузниот завод за општествено планирање, во соработка со Сојузниот комитет за земјоделство, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи и Сојузниот завод за статистика со учество на претставниците на надлежните органи на републиките и на автономните покраини и со прибавено мислење од Општото здружение за земјоделството и прехранбената индустрија на Југославија.

Билансите на ниво на федерацијата за текуштата и за наредната година ги изработува Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи во соработка со органите и организациите од став 1 на оваа точка.

5. При изработката на билансите на основните земјоделски и прехранбени производи се користат податоци од Сојузниот завод за статистика, од републичките и покраинските заводи за статистика и информации од други извори на општествениот систем на информирање, како и податоци врз основа на сопствена евиденција и документација.

6. Се изработуваат вкупни и стоковни биланси на основните земјоделски и прехранбени производи.

Вкупните биланси се изработуваат за сите производи од точка 1 на оваа одлука.

Стоковните биланси се работат годишно за производи кај кои се разликуваат вкупното и стоковното производство, и тоа за: пченица, пченка, говеда и говедско месо, свињи и свињско месо и овци и овчо месо.

Во билансите на ниво на републиките, односно на автономните покраини се искажуваат сопствените можности на производството и потребите на потрошувачката, обемот на производството над потребите, како и пласманот на производството на други подрачја и за извоз. Во тие биланси се искажуваат и непокриените потреби и обезбедувањето на овие количини од други подрачја вклучувајќи го и неопходниот увоз.

7. Билансите се изработуваат за сите земјоделски и прехранбени производи определени со оваа одлука за вкупното производство. За пченица и пченка се изработуваат и биланси за општествениот и за индивидуалниот сектор.

8. Билансите на основните земјоделски и прехранбени производи за среднорочниот плански период се работат за календарската година.

Билансите за текуштата и наредната година се изработуваат за календарската и за економската година, што е неопходно со оглед на специфичноста на производствениот процес.

Билансите за календарската година се изработуваат за: тутун, говеда, свињи и овци, говедско, свињско и овчо месо и волна.

Билансите за економската година се изработуваат за: пченица, брашно, пченка, ориз, шеќерна репка и шеќер, сончоглед, соја, маслодајна репка и масло за јадење.

Економската година го опфаќа периодот, и тоа:

1) за пченица од 1 јули текуштата до 30 јуни наредната година;

2) за брашно од 1 јули текуштата до 30 јуни наредната година;

3) за пченка од 1 октомври текуштата до 30 септември наредната година;

4) за ориз од 1 ноември текуштата до 31 октомври наредната година;

5) за шеќерна репка и шеќер и за маслодајни растенија и масла од 1 септември текуштата до 31 август наредната година.

II. ОБРАСЦИ И МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНЕНИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА БИЛАНСИТЕ НА ОСНОВНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

9. Шемите на билансите се состојат од пропишаните елементи, што се расчленуваат на ставки. Тие биланси се следните:

1. БИЛАНСИ НА ПЧЕНИЦА И 'РЖ И НА БРАШНО

1.1. Вкупен биланс на пченица и 'рж

РАСПОЛОЖЛИВО — Единица на мера: илјада тони — ПОТРЕБИ

Елементи, ставки	Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО	IV. ЗАГУБИ
од тоа:	V. СЕМЕ
— кај ОЗТ	VI. ДОБИТОЧНА ХРАНА
— во пазарни стоковни резерви на ОПЗ	VII. ИСХРАНА НА НАСЕЛЕНИЕТО
II. ПРОИЗВДСТВО	VIII. КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО
	од тоа:
	— кај ОЗТ
	— во пазарни стоковни резерви на ОПЗ
III. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I+II)	IX. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (IV до VIII)
X. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (III—IX)	
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ	ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
XI ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП	XIII НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП
XII. ИЗВОЗ	XIV. УВОЗ

Забелешка: Кратенките во текстот означуваат:

СР и САП = републики и автономни покраини
ОПЗ = општествено-политички заедници
СЗС = Сојузен завод за статистика

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај житомелничките и трговските организации и во пазарните стоковни резерви на општествено-политичките заедници и на поголемите потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај поголемите потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансите на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенција на пазарот, а според утврдената програма.

II. Производство, се искажува врз основа на статистички информации.

III. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

IV. Загуби, ги претставуваат количините оценети при изработката на билансите на ниво на федерацијата врз основа на податоците на Сојузниот завод за статистика за загубите искажани во билансите на пченица и 'рж на ниво на федерацијата, за претходниот десетгодишен период и врз основа на податоците за квалитетот на пченицата и 'ржта од текуштото производство.

V. Семе, потрошените, односно потребните количини за семе се искажуваат врз основа на последниот тригодишен просек на податоците од билансот на пченица за општествениот сектор („Годишен извештај на земјоделска организација — задруга", образец ЗО-71, табела II), а за индивидуалниот сектор од Пресметката на општествениот производ и народниот доход на општината од индивидуалниот сектор на земјоделството (образец ОП, табела I) збирно за СР и САП. За таа цел треба да се користат податоците за планот на сеидбата кога пресметката се врши за наредниот период, односно податоците за посеаната површина кога пресметката се врши за текуштиот период.

VI. Добиточна храна, вкупно потрошената, односно потребните количини за исхрана на добиток и на живина на територијата на републиката, односно на автономната покраина одделно се утврдуваат за општествениот и индивидуалниот сектор За таа цел се користат расположливите статистички информации, и тоа од следните извори: за општествениот сектор „Годишен извештај на земјоделска организација — задруга", табела II. Биланс на пченица и пченка (образец ЗО-71), а за индивидуалниот сеткор: од табела број 20 — Пресметка на залихите на земјоделски производи, што се дава во склопот на Пресметката на општествениот производ и народниот доход на општината од индивидуалниот сектор на земјоделство (образец ОП). Пресметка на потребните количини за наредниот период се врши врз основа на тригодишниот просек во претходниот период.

VII. Исхрана на населението, потрошените количини за човечка исхрана се проценуваат врз основа на податоците од Анкетата за личната потрошувачка на населението. Врз основа на анкетните податоци за претходниот период, со користење на месечните податоци од Анкетата за семејните буџети (АСБ) и Анкетата за селските домаќинства (АСД)

преку стапката на порастот се формира серија на податоци за целиот изминат период, а потоа се пресметуваат теориските вредности на трендот. Врз основа на пресметаните вредности на трендот на потрошувачката на пченица и 'рж по жител по СР и САП и оценетиот број на жители кон средината на годината, тнр. присутно население се утврдуваат вкупните количини. Добиените количини се проверуваат и по потреба се коригираат врз основа на податоците од прометот во трговијата на мало и продажбата на крупните потрошувачи (Годишен извештај на трговијата на мало по производи — образец ТРГ 12 и Годишниот извештај на трговијата на големо по производи — образец ТРГ 22), угостителството (Годишен извештај на угостителството — УГ-15), и податоците за оценетата натурална потрошувачка од Пресметката на општествениот производ и народниот доход на општината од индивидуалниот сектор на земјоделството (образец ОП, табела 20). Преработувачките од пченица и 'рж се искажуваат во еквивалент на зрната (пресметувањето се врши по пат на нормативи).

VIII. Крајни залихи, како под I.

IX. Вкупни потреби.

1.1.1. *Стоковен биланс на пченица и'рж*

Тргнувајќи од вкупниот биланс се изработува стоковен биланс на пченица и 'рж со кој се прикажуваат количините што се откупуваат и се пласираат (преработени или непреработени) преку организациите од областа на прометот.

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјади тони	ПОТРЕБИ
Елементи, ставки		Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ II. ПРОДАЖБА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СЕКТОР III ОТКУП ОД ИНДИВИДУАЛНИОТ СЕКТОР		V. ПРОДАЖБА VI. КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ
IV ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I до III)		VII. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (V+VI)
VIII. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (IV—VII)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
IX. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП X. ИЗВОЗ		XI. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XII. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај житомелничките и трговските организации и во пазарните стоковни резерви на општествено-политичките заедници и на поголемите потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај поголеми потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансите на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенција на пазарот, а според утврдената програма.

II. и III. Продажба, односно откуп, врз основа на месечните податоци од статистиката на прометот на земјоделски производи се искажуваат количините откупени на територијата на републиката, односно на автономната покраина и тоа: продажба на општествените стопанства и откуп од индивидуалните стопанства за претходниот период. Оцената за откупот за наредната година, односно период, се дава врз основа на податоците за производството и откупот во претходниот период и податоците за обемот и квалитетот на пченица и 'рж произведени во текуштата година, како и врз основа на мерките што ги преземаат СР и САП со цел за зголемување на откупот.

IV. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

V. Продажба, се искажуваат количините реализирани преку трговијата на мало и на големите потрошувачи преку трговијата на големо (широка потрошувачка), како и испораките на купувачите во областа на угостителството на територијата на републиката и автономната покраина. Во приказот се сумираат сите видови продажба и по пат на нормативи се пресметуваат во пченица и 'рж во зрно (пченица и 'рж, пченично брашно, сите видови леб и печива, тестенини и други производи од брашно). Оцената на продажбата за наредната година, односно период се дава врз основа на пресметаните вредности на трендот од серијата на податоците за 10 години.

VI. Крајни залихи, како под I.

VII. Вкупни потреби:

Како извор на податоци служат податоците на: Заедницата на житомелничките организации на СР и САП; статистиката на внатрешната трговија на СР, САП и СЗС; Статистиката на прометот на земјоделски производи на СР, односно САП — Месечниот извештај за откупот на земјоделски производи од индивидуални производители, образецот ТРГ-31 и Месечниот извештај за продажбата на земјоделски производи од сопствено производство, образецот ЗО-ТРГ-33, податоците на житомелничките заедници на СР и САП и податоците од Годишниот извештај на угостителството УГ-15.

1.1.2. *Биланс на брашно*

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјада тони	ПОТРЕБИ
Елементи, ставки		Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ II. ПРОИЗВОДСТВО		IV. ПОТРОШУВАЧКА V. КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ
III. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I+II)		VI. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (IV+V)
VII. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (III—VI)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
VIII. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП IX ИЗВОЗ		X. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XI. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај житомелничките, трговските и индустриските организации (кондиторска индустрија и др.) и во стоковните резерви на општествено-политичките заедници и на поголемите потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај поголемите потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансите на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенции на пазарот, а според утврдената програма.

II. Производство, за претходната и наредната година, односно за наредниот период се пресметува врз основа на податоците на Деловната заедница на житомелничките организации и го опфаќа вкупното производство на територијата на СР, односно САП, без оглед на територијалното потекло на суровината.

III. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

IV. Потрошувачка на брашно, се состои од потрошувачката на населението и потрошувачката во индустријата. Потрошувачката на населението се пресметува за претходната и наредната година, односно за наредниот период врз основа на податоците на статистиката на внатрешната трговија и угостителството (продажба преку трговијата на мало и на крупните потрошувачи преку трговијата на големо и угостителството) со екстраполација на трендот за претходниот десетгодишен период (метод за пресметување аналогно на овој кај пченица и 'рж). Потрошувачката во индустријата за претходната година се пресметува врз основа на податоците за трошењето на брашно во индустријата на храна, кандити и др., а за наредната година, односно наредниот период — врз основа на планираниот растеж на производството на индустриските гранки што брашно употребуваат како суровина.

V. Крајни залихи, како под I.

VI. Вкупни потреби.

Како извор на податоци служат податоците на: статистиката на индустријата и статистиката на внатрешната трговија на СЗС, СР и САП, индустријата на преработката и нивните деловни заедници.

2. БИЛАНСИ НА ПЧЕНКА

2.1. **Вкупен биланс на пченка**

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјада тони	ПОТРЕБИ
Елементи, ставки		Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви на ОПЗ II. ПРОИЗВОДСТВО		IV ЗАГУБИ V. СЕМЕ VI. ДОБИТОЧНА ХРАНА VII. ИНДУСТРИСКА ПРЕРАБОТКА VIII. ИСХРАНА НА НАСЕЛЕНИЕТО IX. КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви на ОПЗ
III. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I+II)		X. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (IV до IX)
XI. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (III—X)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
XII. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП XIII. ИЗВОЗ		XIV. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XV. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај производителите, групациите на прехранбената индустрија и во стоковните резерви на општествено-политичките заедници и на поголеми потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и кај стоковните резерви кај поголемите потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансите на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенции на пазарот, а според утврдената програма.

II. Производство, податоците за оствареното производство за претходниот период се преземаат од страна на статистичките органи и го опфаќаат целокупното производство на индивидуалните и општествените стопанства. Во табелите на билансите за наредната година, односно за наредниот период податоците за очекуваното производство се даваат врз основа на официјалните статистички оцени на родот од текуштото производство.

III. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

IV. Загуби, за претходната година за пресметка по СР и САП се користат утврдените процентуални загуби на ниво на СФРЈ од билансот на СЗС, а за проекцијата на билансот за наредната година — податоците од претходниот петгодишен просек.

V. Семе, потрошените количини се искажуваат врз основа на последниот тригодишен просек на податоците од билансот на општествените стопанства и од пресметката на доходот на индивидуалниот сектор. За таа цел треба да се користат податоците за планот на сеидбата кога пресметката се врши за наредниот период, односно податоците за посеаната површина ако пресметката се врши за текуштиот период. При пресметката на количината на пченка потрошена за сеидба, треба да се изврши посебна пресметка за општествениот сектор врз основа на податоците од образецот „Годишен извештај на земјоделска организација — задруга" — Образец ЗО-71 и за индивидуалниот сектор врз основа на податоците од образецот „Пресметка на општествениот производ и на народниот доход на општината од индивидуалниот сектор на земјоделството" — Образец ОП, табела 1.

VI. Добиточна храна, вкупно потрошените количини за исхрана на добиток и живина на територијата на републиката, односно автономната покраина одделно се утврдуваат за општествениот и за индивидуалниот сектор. Потрошувачката за добиточна храна на општествениот сектор се искажува врз основа на податоците на Годишниот извештај на земјоделска организација — задруга (образец ЗО-71), а за можните корекции со пресметување на потребните количини на пченка за остварениот, односно предвидениот обем на сточарското производство со примена на ориентационите нормативи на трошењето на пченка по единица на производ (по kg прираст жива мера, литар млеко и сл.) во претходниот период. Потрошувачката на пченка за добиточна храна на индивидуалниот сектор: за претходната година се преземаат податоците од Пресметката на општествениот производ и на народниот доход на општината од индивидуалниот сектор на земјоделството (Образец ОП, табела 1 и помошен образец П-2, табела А и табела Б), а за наредната година, односно наредниот период се оценува така што потрошувачката од претходната година, односно претходниот период ќе се помножи со предвидената стапка на растежот на сточарското производство на индивидуалниот сектор.

VII. Индустриска преработка, за претходната година се земаат податоци за количините употребни за индустриска преработка (пченка што се употребуваше како суровина во шпиритарниците, индустријата на пиво, во скробарниците и др.),а за наредната година, односно за наредниот период се врши процена врз основа на планираниот обем на производството во индустриските гранки што употребуваат пченка како суровина.

VIII. Исхрана на населението, количините што се трошат за човечка исхрана се утврдуваат врз основа на податоците од Анкетата за личната потрошувачка на населението — со методот што е прикажан за потрошувачката на пченица за исхрана на населението.

IX Крајни залихи, како под I.

X. Вкупни потреби.

Како извор на податоци служат податоците на: Статистиката на индустријата на СЗС, СР и САП — Месечен извештај на индустријата — потрошувачка на суровини и материјали, образец ИНД-1, табела 2.

2.1.1. *Стоковен биланс на пченка*

Тргнувајќи од вкупниот биланс се изработува стоковен биланс на пченка со кој се прикажуваат количините што се откупуваат и преработени се пласираат.

РАСПОЛОЖЛИВО — Единици на мера: илјада тони — ПОТРЕБИ

Елементи, ставки	Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви на ОПЗ II. ПРОИЗВОДСТВО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СЕКТОР III. ОТКУП ОД ИНДИВИДУАЛНИОТ СЕКТОР	V. ИНДУСТРИЈА НА ДОБИТИЧНА ХРАНА VI. ИНДУСТРИСКА ПРЕРАБОТКА VII КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви на ОПЗ
IV. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I до III)	VIII. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (V до VII)
IX. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (IV—VIII)	
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ	ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
X. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП XI. ИЗВОЗ	XII. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XIII. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај групациите на прехранбената индустрија и во стоковните резерви на општествено-политичките заедници и на поголемите потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај поголемите потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансите на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенции на пазарот, а според утврдената програма.

II. Производство на општествениот сектор, се искажува производството на општествените стопанства, од кои се одбиваат загубите и семенската пченка. Загубите се проценуваат при изработката на билансите на основните земјоделски и прехранбени производи на СР односно САП.

III. Откуп од индивидуалниот сектор, за претходната година, врз основа на податоците на статистиката на прометот на земјоделските производи, се искажуваат количините откупени од индивидуалните производители на територијата на републиката, односно автономната покраина; за наредната година, односно за наредниот период процената се врши при изработката на билансите на основните земјоделски и прехранбени производи на СР, односно САП.

IV. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

V. Индустрија на добиточна храна, за претходната година се искажуваат количините што индустријата на добиточната храна и мешалниците на стопанствата ги тропат како суровини во процесот на производството на крмни смеши; за наредната година, односно за наредниот период, процена се врши врз основа на планот на производството на индустријата на добиточна храна и на мешалниците на добиточна храна на општествените стопанства.

VI. Индустриска преработка, за претходната година се искажуваат количините потрошени како суровина во индустриските гранки: производство на прехранбени производи и производство на пијачки. За наредната година, односно за наредниот период, процена се врши врз основа на планираното производство во тие индустриски гранки.

VII. Крајни залихи, како под I.

VIII. Вкупни потреби.

Како извор на податоци служат податоците на: статистиката на индустријата, статистиката на земјоделството и статистиката на прометот на СЗС, СР и САП.

3. БИЛАНС НА ОРИЗОТ

Пред изработката на билансот на оризот, се изработува биланс на оризовата арпа.

РОСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: тони	ПОТРЕБИ
Елементи, ставки		Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ II ПРОИЗВОДСТВО		IV. ПРОДАЖБА V. КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ
III. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I+II)		VI. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (IV+V)
VII. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (III—VI)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
VIII. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП IX. ИЗВОЗ		X. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XI. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај производителите (во лупилниците на оризова арпа) и во пазарните стоковни резерви на општествено-политичките заедници и на поголеми потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај поголемите потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансите на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенции на пазарот, а според утврдената програма.

II. Производство, за претходната година се искажува врз основа на податоците на производителите на излупен ориз. За наредната година, односно за наредниот период процената на производството се дава врз основа на планот на производството на производителите на излупен ориз.

III. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

IV. Продажба, за претходната година се искажуваат податоците врз основа на продажбата во трговијата на мало и во крупните потрошувачки и угостителски објекти; за наредната година, односно за наредниот период процената се дава врз основа на пресметаните вредности на трендот од серијата на податоците за десетгодишниот период.

V. Крајни залихи, како под I.

VI. Вкупни потреби.

Како извор на податоци служат податоците на: статистиката на индустријата и статистиката на внатрешната трговија на СЗС, СР и САП.

4. БИЛАНС НА ШЕЌЕРНАТА РЕПКА И ШЕЌЕРОТ

4.1. Биланс на шеќерната репка

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјада тони	ПОТРЕБИ
I. ПРОИЗВОДСТВО		II. ПРЕРАБОТКА
III. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (I—II)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
IV. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП V. ИЗВОЗ		VI. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП VII УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Производство, податоците за оствареното производство за претходниот период се преземаат од статистичките податоци, а за наредната година, односно за наредниот период податоците за очекуваното производство се даваат врз основа на официјалните статистички оцени од родот на текуштото производство, односно од предвидувањата на планските органи.

Елементи на потреби се:

II. Преработка, за претходната година се земаат податоците за количините преработени во фабриките за шеќер, а за наредната година, односно за наредниот период процената се врши врз база на планираниот обем на производството во индустријата на шеќер.

4.2. Биланс на шеќерот

РОСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјада тони	ПОТРЕБИ
Елементи, ставки		Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви на ОПЗ II. ПРОИЗВОДСТВО		IV. ПОТРОШУВАЧКА V. КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви на ОПЗ
III. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I+II)		VI. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (IV+V)
VII. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (III—VI)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
VIII. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП IX. ИЗВОЗ		X. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XI. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај фабриките за шеќер, групациите на кондиторската и индустријата за преработка на овошје и во пазарните стоковни резерви на општествено-политичките заедници и на поголеми потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај поголемите потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансите на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенции на пазарот, а според утврдената програма.

II. Производство, пресметката на производството за претходната и наредната година, односно за наредниот период се заснова врз податоците на Деловната заедница на индустријата за шеќер и го опфаќа вкупното производство на територијата на СР односно САП, без оглед на територијалното потекло на суровината (шеќерната репка).

III. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

IV. Потрошувачка на шеќер, се состои од потрошувачката на населението и потрошувачката во индустријата Потрошувачката на населението се пресметува за претходната и наредната година, односно за наредниот период врз основа на податоците на статистиката на внатрешната трговија и угостителството (продажба преку трговија на мало и крупните потрошувачи преку трговијата на големо и угостителството) со екстраполација на трендот за претходниот десетгодишен период (метод на пресметување аналогно на оној за пченица и 'ржж). Потрошувачката во индустријата за претходната година се пресметува врз основа на податоците за потрошокот на шеќерот во индустријата на храна, пијачки и др., а за наредната година, односно за наредниот период врз основа на планираниот растеж на производството на индустриските гранки кои шеќерот го употребуваат како суровина.

V. Крајни залихи, како под I.

VI. Вкупни потреби.

Како извор на податоци служат податоците на: статистиката на индустријата и статистиката на внатрешната трговија на СЗС, СР и САП и индустријата за преработка и нивните деловни заедници.

5. БИЛАНСИ НА МАСЛОДАЈНИ КУЛТУРИ И МАСЛА

5.1. **Биланси на маслодајни култури**

Билансите се изработуваат за сончоглед, соја и маслодајна репка.

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјада тони	ПОТРЕБИ
Елементи, ставки		Елементи, ставки
I ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви на ОПЗ II. ПРОИЗВОДСТВО		IV. ПРЕРАБОТКА V КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви во ОПЗ
III ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I+II)		VI. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (IV+V)
VII. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (III—VI)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
VIII. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП IX. ИЗВОЗ		X НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XI. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај производителите и фабриките за преработка на масло и во пазарните стоковни резерви на општествено-политичките заедници и на поголеми потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај поголемите потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансот на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенции на пазарот, а според утврдената програма.

II. Производство, податоците за оствареното производство за претходниот период се преземаат од статистичките податоци и го опфаќаат производството на општествените и индивидуалните стопанства. За наредната година, односно за наредниот период податоци за очекуваното производство (кај маслодајната репка оствареното производство) се даваат врз основа на официјалните статистички оцени од родот на текуштото производство, односно од предвидувањата на планските органи.

III. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

IV. Преработка — за претходната година се земаат податоците за количините преработени во фабриките на масло (фабрики за масло), а за наредната година, односно за наредниот период се врши процена врз основа на планираниот обем на производството во индустријата на масло.

V Крајни залихи — како под I.

VI. Вкупни потреби.

5.2. **Биланс на маслото за јадење**

Пред изработката на билансот на маслото за јадење (рафинирано) се изработува биланс на суровото масло.

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: тони	ПОТРЕБИ
Елементи, ставки		Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ II. ПРОИЗВОДСТВО		IV. ПОТРОШУВАЧКА V. КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ
III. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I+II)		VI. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (IV+V)
VII. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (III—VI)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
VIII. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП IX. ИЗВОЗ		X. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XI. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај фабриките за масло и во пазарните стоковни резерви на општествено-политичките заедници и на поголемите потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај поголемите потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансот на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенции на пазарот, а според утврдената програма.

II Производство на масло, за претходната година се даваат податоците за количината на маслото што фабриките за масло на територијата на републиката односно автономната покраина ја произвеле; за наредната година, односно за наредниот период податоците за производството на масло на територијата на републиката, односно на автономната покраина што ги проценуваат фабриките за масло врз основа на својот производствен план, се даваат врз основа на податоците за производството и откупот, како и врз основа на податоците за увозот на семиња за маслодајни култури.

III. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

IV. Потрошувачка, се состои од потрошувачката на населението и потрошувачката во индустријата. Потрошувачката на населението се пресметува за претходната година врз основа на податоците на статистиката на внатрешната трговија, (продадени количини преку трговијата на мало и крупните потрошувачки надвор од стопанството преку трговијата на големо, како и на угостителството). За наредната година, односно за наредниот период потрошувачката се проценува со екстраполација на трендот на споменатите податоци (метод како за пченица). Потрошувачката на масло во индустријата за претходната година се пресметува врз основа на податоците за потрошокот за масло во индустријата (производството на прехранбени производи и др.), а за наредната година, односно за наредниот период врз основа на планираниот растеж на производството на истите гранки на индустријата.

V. Крајни залихи, како под I.

VI. Вкупни потреби.

Како извор на податоци служат податоците на: статистиката на индустријата, статистиката на внатрешната трговија и угостителството на СЗС, СР и САП и податоците на фабриките за масло.

6. БИЛАНС НА ФЕРМЕНТИРАНИОТ ТУТУН

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: тони	ПОТРЕБИ
Елементи, ставки		Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви на ОПЗ II. ПРОИЗВОДСТВО		IV. ЗАГУБИ V. ПОТРОШУВАЧКА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СР ОДНОСНО НА САП VI. КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ
III. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I+II)		VII. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (IV до VI)
VIII. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (III—VII)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
IX. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП X. ИЗВОЗ		XI НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XII. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај фабриките за преработка на тутун и во пазарните стоковни резерви на општествено-политичките заедници и на поголемите потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај поголемите потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансот на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенции на пазарот, а според утврдената програма.

II. Производство, за претходната година се искажуваат податоците за производството на ферментиран тутун на територијата на СР, односно САП. За наредната година, односно за наредниот период фабриките на тутун врши процена на обемот на производството врз основа на својот производствен план и статистичките податоци за производството и откупот на тутунот.

III. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

IV. Загуби, се искажуваат податоците за загубите собрани од организациите што се занимаваат со откупот и доработката на тутун.

V. Потрошувачка, се искажуваат податоците за вкупната потрошувачка во фабриките за преработка на тутун на територијата на СР и САП.

VI. Крајни залихи. како под I.

VII. Вкупни потреби.

Како извор на податоци служат податоците на: статистиката на индустријата на СЗС, СР, односно САП и податоците на фабриките за преработка на тутун.

7. БИЛАНСИ НА ДОБИТОКОТ И МЕСОТО

Се изработуваат посебно за: говеда, свињи, и овци и за говедско, свињско и овчо месо.

7.1. Вкупни биланси на говеда, свињи и овци

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјада тони жива мера	ПОТРЕБИ
I. ПРИРАСТ		II. ВКУПНО КОЛЕЊЕ
III. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (I—II)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
IV. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП V. ИЗВОЗ		VI НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП VII. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Прираст, се вклучува колењето во кланиците, месарниците и домаќинствата и извозот на жив добиток за колење. Како основ за пресметување на прирастот служат билансите на одделни видови стоки („СГЈ-1980", табела 212-14 — Биланс на добиток).

За текуштата и наредната година, односно за наредниот период пресметка се врши врз основа на процените (статистичките и планските) за вкупното и организираното гоење на добиток на територијата на републиката, односно автономната покраина.

Елементи на потреби се:

II. Вкупно колење, за претходната година се даваат податоците за закланиот добиток (тежина на жива мера) на земјоделските стопанства (индивидуалните стопанства, домаќинствата и во организациите на здружен труд и во земјоделските задруги).

7.1.1. Стоковни биланси на говеда, свињи и овци

Тргнувајќи од вкупните биланси се изработуваат стоковни биланси на говеда, свињи и овци што го прикажуваат сето стоковно производство на добитокот за колење, вклучувајќи го и извозот на жив добиток за колење. Со тие биланси не е опфатен добитокот за колење во домаќинствата што ја сочинуваат натуралната потрошувачка.

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјади тони жива мера	ПОТРЕБИ
I. СОСТОЈБА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА II. ПРИРАСТ		IV. ВКУПНО ЗАКЛАНИ ВО КЛАНИЦИТЕ од тоа: НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП V. СОСТОЈБА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА
III. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I + II)		VI. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (IV+V)
VII ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (III—VI)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
VIII. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП IX. ИЗВОЗ		X. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XI. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Состојба на почетокот на годината, се искажуваат тежините на живата мера на добиток за колење кај производителите со состојбата на 1 јануари текуштата година.

II. Прираст, се искажува остварениот прираст на жива мера на добиток за колење во текот на годината.

III. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

IV. Вкупно заклани во кланиците, за претходната година се искажува тежината на живата мера за колење добиток во кланиците на општествениот сектор и на регистрираните приватни кланици (месарници) — бруто тежина на закланиот добиток. За текуштата и наредната година, односно за наредниот период се вршат процени врз основа на податоците за колење на добитокот во кланиците во изминатиот период и врз основа на тримесечните статистички податоци за организираното гоење на стоки.

V. Состојба на крајот на годината, како под I.

VI. Вкупни потреби.

7.2. Вкупни биланси на говедско, свињско и овчо месо

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјада тони	ПОТРЕБИ
I. ВКУПНО ПРОИЗВОДСТВО		II. ВКУПНО ПОТРОШУВАЧКА НА НАСЕЛЕНИЕТО
III. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (I—II)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
IV. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП V. ИЗВОЗ		VI. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП VII. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Вкупно производство, за претходната година се даваат податоците за производството на прирастот искажан во местото вкупно и по видовите, на територијата на републиката, односно на автономната покраина („СГЈ-1980", табела 212-16 Прираст на добитокот искажан во месо), независно од тоа колку тој прираст е реализиран со колењето на добиток.

За текуштата и наредната година, односно за наредниот период пресметката на производството на месо се врши врз основа на процената за производството на прирастот искажан во месо на територијата на републиката, односно автономната покраина.

Елементи на потреби се:

II. Вкупна потрошувачка на населението, за претходната, текуштата и наредната година, односно за наредниот период се проценува врз основа на податоците од Анкетата за личната потрошувачка со користење на месечните податоци од Анкетата за семејните буџети (АСБ) и Анкетата за селските домаќинства (АСД), како и од други релевантни показатели (пресметката се врши по методот чијашто објаснение е дадено за потрошувачката на пченица и 'рж). Се искажуваат сите видови потрошувачка, свежото месо и преработките (пресметувањето на преработките во еквивалент на месото се врши преку нормативи).

Како извор на податоци служат податоците на: Сојузниот завод за статистика, заводите за статистика на републиките и автономните покраини (Анкетата за личната потрошувачка) и податоците од кланиците.

7.2.1. Стоковни биланси на говедско, свињско и овчо месо

Тргнувајќи од вкупните биланси се изработуваат стоковни биланси на говедско, свињско и овчо месо што ги прикажуваат количините што се произведуваат во кланиците и се пласираат преку прометната мрежа.

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјада тони	ПОТРЕБИ
Елементи, ставки		Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви на ОПЗ ПРОИЗВОДСТВО НА МЕСО ВО КЛАНИЦИТЕ: II. ОД СОПСТВЕНОТО ПРОИЗВОДСТВО III. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП		V. ПРОДАЖБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СР И САП VI. КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарните стоковни резерви на ОПЗ
IV. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I до III)		VII. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (V+VI)
VIII. ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (IV—VII)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
IX. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП X. ИЗВОЗ		XI. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XII. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај индустријата за преработка на месо, во трговијата на големо, кај угостителските организации, во пазарните стоковни резерви на општествено-политичките заедници и на други потрошувачи. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај поголемите потрошувачи, градови, републики и автономни покраини. При изработката на билансот на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенции на пазарот, според утврдената програма.

II. Производство на месо во кланици, за претходната година се искажуваат количините произведени на територијата на републиката, односно автономната покраина во кланиците на општествениот сектор и во регистрираните приватни кланици (месарниците) — нето тежина на заклан добиток

намалена за процентот на суровата маснотија. За текуштата и наредната година, односно за наредниот период се вршат процени врз основа на податоците за колење на добиток во кланиците во претходниот период и врз основа на тримесечните статистички податоци за организираното гоење на добиток.

III. Набавка од ОЗТ и од други СР и САП.

IV. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

V. Продажба на територијата на СР и САП, се искажува реализираната количина на месо и на преработки од месо преку трговијата на мало (вклучувајќи ја и продажбата во приватни месарници), трговијата на големо (група големи потрошувачи) и во рамките на угостителството. За претходната година се земаат податоците од статистиката на прометот и угостителството и статистиката на индустријата, а за текуштата и наредната година, односно за наредниот период процена се врши со екстраполација на трендот врз основа на податоците за наведените видови потрошувачка, како и врз основа на други релевантни показатели.

VI. Крајни залихи, како под I.

VII. Вкупни потреби.

Како извор на податоци служат податоците на: статистиката на трговијата и угостителството, статистиката на индустријата и статистиката на земјоделството на СЗС, СР и САП.

3 БИЛАНС НА ВОЛНАТА

РАСПОЛОЖЛИВО	Единица на мера: илјада тони	ПОТРЕБИ
Елементи, ставки		Елементи, ставки
I. ПОЧЕТНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ II. ПРОИЗВОДСТВО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СЕКТОР III ОТКУП ОД ИНДИВИДУАЛНИОТ СЕКТОР		ПОТРОШУВАЧКА: V. ВО ДОМАЌИНСТВАТА VI. ВО ИНДУСТРИЈАТА VII. КРАЈНИ ЗАЛИХИ ВКУПНО од тоа: — кај ОЗТ — во пазарни стоковни резерви на ОПЗ
IV. ВКУПНО РАСПОЛОЖЛИВО (I до III)		VIII. ВКУПНИ ПОТРЕБИ (V до VIII)
IX ВИШОК (+) односно КОЛИЧИНИ ШТО НЕДОСТИГААТ (—) (IV—VIN)		
ПЛАСМАН НА ВИШОКОТ		ПОКРИТИЕ НА КОЛИЧИНИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ
X. ИСПОРАКИ НА ОЗТ И НА ДРУГИ ПОТРОШУВАЧИ ОД ДРУГИ СР И САП XI. ИЗВОЗ		XII. НАБАВКА ОД ОЗТ ОД ДРУГИ СР И САП XIII. УВОЗ

Елементи на расположливо се:

I. Почетни залихи вкупно, се опфаќаат залихите кај земјоделските организации, во трговијата на големо, во текстилната индустрија и во пазарните стоковни резерви на општествено-политичките заедници. Посебно се искажуваат количините кај организациите на здружен труд и во стоковните резерви кај градовите, републиките и автономните покраини. При изработката на билансот на ниво на федерацијата се земаат и количините во сојузните стоковни резерви што се користат за интервенции на пазарот, а според утврдената програма.

II Производство на општествениот сектор, се искажуваат количините на волната произведени на општествените стопанства на територијата на републиката, односно автономната покраина.

III. Откуп од индивидуалниот сектор, за претходната година врз основа на податоците на статистиката на прометот на земјоделските производи се искажува количината на волната откупена од индивидуалните производители на територијата на републиката, односно автономната покраина. За наредната година односно за наредниот период процената се врши при изработката на билансот на основните земјоделски и прехранбени производи на СР, односно САП.

IV. Вкупно расположливо.

Елементи на потреби се:

V. Потрошувачка во домаќинствата, процена се врши врз основа на информациите за потрошените количини волна на територијата на републичката, односно автономната покраина и во стоковното производство.

VI. Потрошувачка во индустријата, се искажуваат количините на волна од производството на територијата на републиката, односно автономната покраина потрошена во текстилната индустрија. За претходната година се користат податоците на статистиката, а за текуштата и наредната година, односно за наредниот период процена се дава врз основа на производствениот план на текстилната индустрија.

VII. Крајни залихи, како под I.

VIII. Вкупни потреби.

Како извор на податоци служат податоците на: статистиката на прометот на СР, САП и СЗС и на деловните заедници на текстилната индустрија.

III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 186
14 мај 1981 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,

Гојко Убипарип, с. р.

273.

Врз основа на член 4 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на сојузните органи на управата и на сојузните организации им се признаваат во материјални трошоци („лСужбен лист на СФРЈ", бр. 12/81), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЈВИСОКИТЕ ИЗНОСИ НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО ШТО НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

1. Највисоките износи на дневниците за службено патување во странство што на сојузните органи на управата и на сојузните организации им се признаваат во материјални трошоци при службено патување во одделни странски земји изнесуваат, по групи на задачи и работи до:

за Авганистан:

I група	22 САД долари
II група	20 САД долари
— за места:	
Кабул (Hotel Intercontinental и American staff House)	
I група	48 САД долари
II група	43 САД долари
Кабул (други хотели)	
I група	29 САД долари
II група	26 САД долари

за Албанија:

I група	79 пресметковни долари
II група	71 пресметковен долар

за Алжир:

I група	50 САД долари
II група	45 САД долари
а за места:	
Алжир, Анаба, Константин, Оран и Скикда	
I група	73 САД долари
II група	66 САД долари

за Ангола:

I група	36 САД долари
II група	32 САД долари
— а за места	
Лаунда (Хотел Панорама)	
I група	72 САД долари
II група	65 САД долари
Лаунда (Хотел Tropico)	
I група	52 САД долари
II група	47 САД долари

за Аргентина:

I група	93 САД долари
II група	84 САД долари

за Бразил:

— а за места	
Буенос Аирес	
I група	124 САД долари
II група	112 САД долари
Мендоза, Мар дел Плата и Барилохе	
I група	119 САД долари
II група	107 САД долари

за Австралија:

I група	79 австралиски долари
II група	71 австралиски долар

за Австрија:

I група	1.048 австриски шилинзи
II група	943 австриски шилинзи

за Бахреин:

I група	95 САД долари
II група	86 САД долари

за Бангладеш:

I група	18 САД долари
II група	16 САД долари
а за места	
Дака (Intercontinental Hotel)	
I група	67 САД долари
II група	60 САД долари
Читагонг (Agrabad Hotel)	
I група	63 САД долари
II група	57 САД долари
Дака (Пурбани)	
I група	35 САД долари
II група	32 САД долари

за Белгија:

I група	2.480 белгиски франци
II група	2.232 белгиски франци

за Бенин:

I група	57 САД долари
II група	51 САД долар

— а за места:

Контону и Натитингу

I група 67 САД долари

II група 60 САД долари

за Боливија:

I група 41 САД долар

II група 37 САД долари

— а за места:

Ла Паз и Санта Круз

I група 53 САД долари

II група 48 САД долари

за Боцвана:

I група 48 САД долари

II група 43 САД долари

— а за места:

Габерон

I група 72 САД долари

II група 65 САД долари

Лобатсе и Селеби-Пикве

I група 66 САД долари

II група 59 САД долари

за Бразил:

I група 43 САД долари

II група 39 САД долари

— а за места:

Рио де Жанеиро, Салвадор, Бело Хоризонте и Бразилија

I група 72 САД долари

II група 65 САД долари

Манаус, Рецифе, Кампо Гранде, Кампинас, Белем и Порто Алегро

I група 46 САД долари

II група 41 САД долар

Сао Паоло и Сан Луис

I група 65 САД долари

II група 59 САД долари

за Бугарија:

I група 62 САД долари

II група 56 САД долари

за Бурма:

I група 24 САД долари

II група 22 САД долари

— а за место:

Рангун

I група 40 САД долари

II група 36 САД долари

за Бурунди:

I група 35 САД долари

II група 31 САД долар

— а за места:

Буџамбура (Source du Nil Hotel)

I група 93 САД долари

II група 84 САД долари

Буџамбура (други хотели)

I група 63 САД долари

II група 57 САД долари

за Централно Африканска Република:

I група 61 САД долар

II група 55 САД долари

за Чад:

I група 21 САД долар

II група 19 САД долари

— а за места:

Нџамена

I група 45 САД долари

II група 41 САД долар

Мунду и Сар

I група

II група 27 САД долари

за Чиле:

I група 85 САД долари

II група 77 САД долари

за Чехословачка:

I група 65 пресметковни долари

II група 59 пресметковни долари

за Данска:

I група 424 дански круни

II група 382 дански круни

за Египет АР:

I група 44 САД долари

II група 40 САД долари

— а за места:

Каиро (Hilton, Meridian, Sheraton, Mena House, El Salaam и Holiday Inn)

I група 90 САД долари

II група 81 САД долар

Каиро (други хотели)

I група 64 САД долари

II група 58 САД долари

Асуан

I група	67 САД долари
II група	60 САД долари

Луксор

I група	53 САД долари
II група	48 САД долари

за Еквадор:

I група	38 САД долари
II група	34 САД долари

— а за места:

Гвајакил

I група	67 САД долари
II група	60 САД долари

Кито

I група	59 САД долари
II група	53 САД долари

за Екваторијална Гвинеја:

I група	64 САД долари
II група	58 САД долари

за Ел Салвадор:

I група	27 САД долари
II група	24 САД долари

— а за место:

Сан Салвадор

I група	45 САД долари
II група	41 САД долар

за Етиопија:

I група	24 САД долари
II група	22 САД долари

— а за место:

Адис Абеба

II група	36 САД долари
I група	32 САД долари

за Филипини:

I група	31 САД долар
II група	28 САД долари

— а за место:

Манила

I група	51 САД долар
II група	46 САД долари

Даво, Легаспи и Цебу

I група	36 САД долари
II група	32 САД долари

Бантагас

I група	44 САД долари
II група	40 САД долари

Багио

I група	41 САД долар
II група	37 САД долари

за Финска:

I група	64 САД долари
II група	58 САД долари

за Франција:

I група	321 француски франк
II група	289 француски франци

— а за места:

Париз

I група	360 француски франци
II група	324 француски франци

за Габон:

I група	67 САД долари
II група	60 САД долари

— а за место:

Либервил

I група	90 САД долари
II група	81 САД долар

за Гана:

I група	46 САД долари
II група	41 САД долар

— а за места:

Акра

I група	78 САД долари
II група	70 САД долари

Тема, Такоради и Кумаси

I група	70 САД долари
II група	63 САД долари

Елмина

I група	54 САД долари
II група	49 САД долари

за Горна Волта:

I група	42 САД долари
II група	38 САД долари

— а за места:

Уагадугу

I група	60 САД долари
II група	54 САД долари

Бобо-Диуласо

I група	56 САД долари
II група	50 САД долари

за Грција:

I група	31 САД долар
II група	28 САД долари

— а за место:

Атина

I група	43 САД долари
II група	39 САД долари

за Гвајана:

I група	27 САД долари
II група	24 САД долари

— а за места:

Џорџтаун

I група	67 САД долари
II група	60 САД долари

за Гватемала:

I група	39 САД долари
II група	53 САД долари

— а за место:

Гватемала Сити

I група	35 САД долари
II група	48 САД долари

за Гвинеја:

I група	27 САД долари
II група	24 САД долари

— а за место:

Конакри

I група	72 САД долари
II група	65 САД долари

за Хаити:

I група	45 САД долари
II група	41 САД долар

— а за место:

Порт о Пренс

од 15 април до 14 декември

I група	54 САД долари
II група	49 САД долари

од 15 декември до 14 април

I група	58 САД долари
II група	52 САД долари

за Холандија:

I група	180 холандски флорини
II група	162 холандски флорини

за Хондурас:

I група	51 САД долар
II група	46 САД долари

— а за места:

Тегусигалпа и Сан Педро

I група	75 САД долари
II група	68 САД долари

за Хонг Конг:

I група	81 САД долар
II група	73 САД долари

за Индија:

I група	27 САД долари
II група	24 САД долари

— а за места:

Њу Делхи, Калкута, Бомбај и Џајпур

I група	47 САД долари
II група	42 САД долари

Банглалор, Чандигар, Мадрас, Пуне, Панта Симла, Хадерабад

I група	35 САД долари
II група	32 САД долари

за Индонезија:

I група	35 САД долари
II група	39 САД долари

— а за места:

Џакарта, Денпасар и Медан

I група	65 САД долари
II група	59 САД долари

Сурабаја, Ујунг, Панданг, Семеранг, Соло, Џогкарта Ириен Јаја и Палембанг

I група	48 САД долари
II група	43 САД долари

за Иран:

I група	61 САД долар
II група	55 САД долари

— а за места:

Техеран

I група	74 САД долари
II група	67 САД долари

за Ирак:

I група	40 САД долари
II група	36 САД долари

— а за места:

Багдад

I група	62 САД долари
II група	56 САД долари

за Ирска:

I група 36 англиски фунти
II група 32 англиски фунти

за Исланд:

од 1 октомври до 30 април

I група 30 САД долари
II група 27 САД долари

од 1 мај до 30 септем-

I група 37 САД долари
II група 33 САД долари

за Италија:

I група 47.500 италијански лири
II група 42.750 италијански лири

— а за места:

Милано

I група 66 560 италијански лири
II група 59 900 италијански лири

Фиренца и Венеција

I група 69 700 италијански лири
II група 62.730 италијански лири

Турин

I група 57.800 италијански лири
II група 52 020 италијански лири

Трст

I група 54 800 италијански лири
II група 49.320 италијански лири

Рим

I група 59 200 италијански лири
II група 53.280 италијански лири

за Израел:

I група 37 САД долари
II група 33 САД долари

— а за места:

Ерусалим

I група 69 САД долари
II група 62 САД долари

Тел Авив

I група 66 САД долари
II група 59 САД долари

Хаифа и Тибриз

I група 57 САД долари
II група 52 САД долар

за Јамајка:

I група 78 САД долари
II група 70 САД долари

за Јапонија:

I група 60 САД долари
II група 54 САД долари

— а за места:

Токио

I група 104 САД долари
II група 94 САД долари

Кјото, Сапоро, Фукуока, Осака и Нагоја

I група 81 САД долар
II група 73 САД долари

за Јемен ДР:

I група 43 САД долари
II група 39 САД долари

— а за место:

Ален

I група 51 САД долар
II група 46 САД долари

за Јемен АР:

I група 66 САД долари
II група 59 САД долари

— а за место:

Санас

I група 110 САД долари
II група 99 САД долари

за Јордан:

I група 19 САД долари
II група 17 САД долари

— а за места:

Ерусалим

I група 69 САД долари
II група 62 САД долари

Аман и Акаба

I група 63 САД долари
II група 57 САД долари

за Камерун:

I група 51 САД долар
II група 46 САД долари

— а за места:

Дуала, Гаруа, Јаунде и Маруа

I група 63 САД долари
II група 57 САД долари

за Канада:

I група	50 канадски долари
II група	45 канадски долари

— а за место:

Монтреал

I група	47 канадски долари
II група	42 канадски долари

за Катар:

I група	114 САД долари
II група	103 САД долари

за Кенија:

I група	38 САД долари
II група	53 САД долари

— а за место:

Најроби

I група	48 САД долари
II група	

за Кина НР:

I група	48 САД долари
II група	43 САД долари

— а за место:

Eastern Wigs of Beijig Hotel

I група	68 САД долари
II група	61 САД долар

за Кипар:

I група	54 САД долари
II група	49 САД долари

за Камбоџија:

I група	31 САД долар
II група	28 САД долари

за Колумбија:

I група	39 САД долари
II група	35 САД долари

— а за места:

Богота, Картагена, Меделин, Барангуила и Кали

I група	49 САД долари
II група	44 САД долари

за Конго:

I група	31 САД долар
II група	28 САД долари

— а за места:

Бразавил, Поент Ноар и Лубомбо

I група	82 САД долари
II група	74 САД долари

за Кореја НДР:

I група	79 САД долари
II група	71 САД долар

за Костарика:

I група	30 САД долари
II група	27 САД долари

— а за место:

Сан Хозе

I група	53 САД долари
II група	48 САД долари

за Куба:

I група	56 САД долари
II група	50 САД долари

— а за места:

Хавана (Riviera, Capri Triton, Nacional и Havana libre)

I група	88 САД долари
II група	79 САД долари

за Кувајт:

I група	122 САД долари
II група	110 САД долари

за Лаос:

I група	55 САД долари
II група	50 САД долари

за Лесото:

I група	34 САД долари
II група	31 САД долар

— а за место:

Масеру

I група	50 САД долари
II група	56 САД долари

за Либан:

I група	41 САД долар
II група	37 САД долари

— а за место:

Бејрут

I група	54 САД долари
II група	49 САД долари

за Либерија:

I група	41 САД долар
II група	37 САД долари

— а за места:

Монровија и Робертсфилд

I група	73 САД долари
II група	66 САД долари

за Либија АЏ:

I група	58 САД долари
II група	52 САД долари

за Луксембург:

I група	2.114 белгиски франци
II група	1.903 белгиски франци

за Мадагаскар:

I група	48 САД долари
II група	43 САД долари

— а за места:

Тананарива и Ниси-Би

I група	57 САД долари
II група	51 САД долар

за Малави:

I група	40 САД долари
II група	36 САД долари

— а за места:

Лолонг (Capital Hill)

I група	66 САД долари
II група	59 САД долари

Balantyre i Lilong (други хотели)

I група	54 САД долари
II група	49 САД долари

Зомба

I група	43 САД долари
II група	39 САД долари

за Унгарија:

I група	58 САД долари
II група	52 САД долари

за Малезија:

I група	35 САД долари
II група	31 САД долар

— а за места:

Кота Кинаблу

I група	75 САД долари
II група	68 САД долари

Куала Лумпур и Саравак

I група	61 САД долар
II група	55 САД долари

Саравак (други хотели) Пенранг и Сабах (други хотели)

I група	52 САД долари
II група	47 САД долари

за Мали:

I група	25 САД долари
II група	23 САД долари

— а за места:

Бамако (Хотел L'Amitie)

I група	91 САД долар
II група	82 САД долари

Бамако (други хотели)

I група	45 САД долари
II група	41 САД долар

за Малта:

I група	51 САД долар
II група	46 САД долари

за Мароко:

I група	52 САД долари
II група	47 САД долари

за Мавританија:

I група	43 САД долари
II група	39 САД долари

— а за место:

Нуакшот

I група	74 САД долари
II група	67 САД долари

за Мексико:

I група	61 САД долар
II група	55 САД долари

за Монголија:

I група	81 САД долар
II група	73 САД долари

за Мозамбик:

I група	29 САД долари
II група	26 САД долари

— а за место:

Мапуто

I група	40 САД долари
II група	36 САД долари

за СР Германија:

I група	125 германски марки
II група	113 германски марки

за ДР Германија:

I група	56 пресметковни долари
II група	50 пресметковни долари

за Непал:

I група	23 САД долари
II група	21 САД долар

— а за места:

Катаманду

I група	42 САД долари
II група	38 САД долари

Пакхара

I група	29 САД долари
II група	26 САД долари

за Нигер:

I група	60 САД долари
II група	54 САД долари

за Нигерија:

I група	112 САД долари
II група	101 САД долар

— а за места:

Лагос, Ибадан, Кано, Осогбо, Кадуна и Перт Харкорт

I група	129 САД долари
II група	116 САД долари

за Никарагва:

I група	21 САД долар
II група	23 САД долари

— а за место:

Манагва

I група	69 САД долари
II група	62 САД долари

за Норвешка:

I група	417 норвешки круни
II група	375 норвешки круни

за Нов Зеланд:

I група	64 САД долари
II група	58 САД долари

за Брегот на Слонова Коска:

I група	44 САД долари
II група	40 САД долари

— а за места:

Абиџан, Буака и Јамусокро

I група	77 САД долари
II група	69 САД долари

Корхого и Ман

I група	64 САД долари
II група	58 САД долари

за Оман:

I група	50 САД долари
II група	45 САД долари

— а за место:

Мускат

I група	94 САД долари
II група	85 САД долари

за Пакистан:

I група	31 САД долар
II група	28 САД долари

— а за места:

Равалпинди и Исламабад

I група	66 САД долари
II група	59 САД долари

Карачи

I група	63 САД долари
II група	57 САД долари

Пешавар и Лахор

I група	51 САД долар
II група	46 САД долари

за Панама:

I група	38 САД долари
II група	34 САД долари

— а за места:

Panama City и Колон

I група	65 САД долари
II група	59 САД долари

за Парагвај:

I група	42 САД долари
II група	38 САД долари

— а за место:

Асансион

I група	66 САД долари
II група	59 САД долари

за Перу:

I група	27 САД долари
II група	24 САД долари

— а за места:

Лима, Куско и Икитос

I група	62 САД долари
II група	56 САД долари

за Полска:

I група	72 САД долари
II група	65 САД долари

за Порторико:

од 16 април до 14 декември

I група	42 САД долари
II група	38 САД долари

од 15 декември до 15 април

I група	53 САД долари
II група	48 САД долари

за Португалија:

I група	63 САД долари
II група	57 САД долари

за Руанда:

I група	44 САД долари
II група	40 САД долари

— а за место:

Кигали

I група	57 САД долари
II група	51 САД долар

за Романија:

I група	63 САД долари
II група	57 САД долари

за САД:

I група	84 САД долари
II група	76 САД долари

за Саудиска Арабија:

I група	79 САД долари
II група	71 САД долар

— а за места:

Џеда

I група	163 САД долари
II група	147 САД долари

Даран

I група	151 САД долар
II група	136 САД долари

Риад, Таих и Або

I група	132 САД долари
II група	119 САД долари

за Сенегал:

I група	52 САД долари
II група	47 САД долари

— а за место:

Дакар

I група	71 САД долар
II група	64 САД долари

за Сао Томе и Принсипе:

I група	44 САД долари
II група	40 САД долари

за Сејшели:

I група	82 САД долари
II група	74 САД долари

за Сиера Леоне:

I група	18 САД долари
II група	16 САД долари

— а за место:

Фритуан

I група	60 САД долари
II група	54 САД долари

за Сингапур:

I група	72 САД долари
II група	65 САД долари

за Сирија АР:

I група	22 САД долари
II група	20 САД долари

— а за места:

Дамаск

I група	57 САД долари
II група	51 САД долар

Алеп и Латакија

I група	31 САД долар
II група	28 САД долари

за Сомалија:

I група	36 САД долари
II група	32 САД долари

— а за место:

Могадиш

I група	73 САД долари
II група	66 САД долари

за СССР:

I група	107 пресметковни долари
II група	96 пресметковни долари

за Судан:

I група	25 САД долари
II група	23 САД долари

— а за места:

Картум (Арак, Гранд, Меридиан)

I група	131 САД долари
II група	118 САД долари

Картум (други хотели)

I група	78 САД долари
II група	70 САД долари

Порт Судан, Џуба, Вад Медани

I група	54 САД долари
II група	49 САД долари

Атбара

I група	31 САД долар
II група	3 САД долари

за Шпанија:

I група	63 САД долари
II група	57 САД долари

за Шри Ланка:

I група	23 САД долари
II група	53 САД долари

— а за место:

Коломбо

I група	53 САД долари
II група	48 САД долари

за Швајцарија:

I група	135 швајцарски франци
II група	122 швајцарски франци

за Шведска:

I група	305 шведски круни
II група	275 шведски круни

за Тајланд:

I група	40 САД долари
II група	36 САД долари

— а за место:

Бангкок

I група	59 САД долари
II група	53 САД долари

за Танзанија:

I група	56 САД долари
II група	50 САД долари

— а за места:

Занзибар

I група	75 САД долари
II група	68 САД долари

Дар ес Салам

I група	67 САД долари
II група	60 САД долари

за Того:

I група	29 САД долари
II група	26 САД долари

— а за места:

Ломе

I група	47 САД долари
II група	42 САД долари

Палим и Лама Кара

I група	39 САД долари
II група	35 САД долари

за Тринидад — Тобаго:

Тобаго
од 16 април до 14 декември

I група	97 САД долари
II група	87 САД долари

од 15 декември до 15 април

I група	123 САД долари
II група	111 САД долари

Тринидад:

I група	76 САД долари
II група	68 САД долари

за Тунис:

I група	41 САД долар
II група	37 САД долари

— а за место:

Тунис

I група	63 САД долари
II група	57 САД долари

за Турција:

I група	26 САД долари
II група	23 САД долари

— а за места:

Истамбул и Анталија

I група	57 САД долари
II група	51 САД долар

Анкара

I група	50 САД долари
II група	45 САД долари

Измир, Адана и Бурса

I група	30 САД долари
II група	27 САД долари

за Уганда:

I група	50 САД долари
II група	45 САД долари

Кампала

I група	86 САД долари
II група	77 САД долари

Мбале (Mount Elgon Hotel), Кабале (Weit Horse Inn) и Форт Портал

I група	60 САД долари
II група	54 САД долари

за Обединети Арапски Емирати:

I група	114 САД долари
II група	103 САД долари

за Уругвај:

I група	64 САД долари
II група	58 САД долари

за Велика Британија:

I група	28 англиски фунти
II група	25 англиски фунти

— а за место:

Лондон

I група	54 англиски фунти
II група	49 англиски фунти

за Венецуела:

I група	84 САД долари
II група	76 САД долари

— а за место:

Каракас

I група	91 САД долар
II група	82 САД долари

за Вијетнам СР:

I група	46 САД долари
II група	41 САД долар

за Заир:

I група	40 САД долари
II група	36 САД долари

— а за места:

Киншаса и Киквит

I група	118 САД долари
II група	106 САД долари

Mbandaka, Likasi, Kisanagni, Goma, Mbuji-Mayi, Mwene-Ditu, Lubumbashi i Matadi

I група	98 САД долари
II група	88 САД долари

Букаву и Кананго

I група	72 САД долари
II група	65 САД долари

за Замбија:

I група	41 САД долар
II група	37 САД долари

— а за места:

Лусака, Китве, Ливингстон и Ндола

I група	61 САД долар
II група	55 САД долари

за сите други држави

I група	40 САД долари
II група	36 САД долари

2. По исклучок од одредбите на точка 1 од ова решение, дневниците што на сојузните органи на управата и на сојузните организации им се признаваат во материјални трошоци при службено патување во странски земји што се наоѓаат во воена состојба се зголемуваат до 50% од износите од таа точка.

Сојузниот извршен совет, на предлог од Сојузниот секретаријат за надворешни работи, го утврдува, по одделни земји, износот на зголемувањето на дневниците според одредбите на став 1 од оваа точка.

3. Ова решение се применува на службените патувања во странство што ќе започнат од денот на неговото влегување во сила.

4. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за највисоките износи на дневниците за службено патување во странство што на сојузните органи на управата и на сојузните организации им се признаваат во материјални трошоци („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/77, 49/77 и 60/77).

5. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 185
14 мај 1981 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Гојко Убипарип, с. р.

274.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „NEUE ZÜRCHER ZEITUNG"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Neue Zürcher Zeitung" број 87 од 15 април 1981 година, што излегува на германски јазик во Цирих, Швајцарија.

Бр. 650-1-30/36
8 мај 1981 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

275.

Врз основа на член 1036 став 2 точка 7 од Законот за поморската и внатрешната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/77), Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА НАЈМАЛИОТ БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ НА ЕКИПАЖОТ ЗА БЕЗБЕДНА ПЛОВИДБА ШТО МОРААТ ДА ГО ИМААТ ПОМОРСКИТЕ БРОДОВИ НА ТРГОВСКАТА МОРНАРИЦА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува најмалиот број на членови на екипажот за безбедна пловидба што мораат да го имаат поморските бродови на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 2

Најмалиот број на членови на екипажот на поморски брод на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во натамошниот текст: брод) го претставува екипажот што на бродот му осигурува безбедна пловидба во однос на категоријата на пловидбата, големината и намената на бродот, силата на погонската постројка, степенот на автоматизацијата како и времето на траењето на пловидбата.

Член 3

Бродот мора да има заповедник.

Член 4

Брод што плови во долга пловидба и чија пловидба трае над 24 часа, а бродската стража се врши во три смени, мора да го има најмалку следниот број на членови на екипажот, и тоа:

1) на палубата: брод до 20 000 БРТ — два офицери на палуба, три кормилари и два поморци на палуба, а брод над 20 000 БРТ — два офицери на палуба, четири кормилари и два поморци на палуба;

2) во машината: три офицери на машина, два бродски подмачкувачи или два бродски мотористи и еден поморец на машина овластен за работа на машина во зависност од силата на погонската постројка на бродот, а брод со бродски машински комплекс над 5.000 kW — три офицери на машина, три бродски подмачкувачи, односно три бродски мотористи и два поморци на машина овластени за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот;

3) во кујната: еден бродски готвач.

Патнички брод што плови во долга пловидба мора, покрај членовите на екипажот од став 1 на овој член мора да има и еден офицер на палуба.

Брод наменет за превоз на товар во течна состојба што плови во долга пловидба мора, покрај членовите на екипажот од став 1 на овој член, да има и еден бродски подмачкувач, односно еден бродски моторист оспособен за послужувач на цицалките.

Член 5

Брод што плови во долга пловидба и што нема постојана служба во машинарницата и на централното место за управување (брод со ознака на автоматизацијата А1), односно што нема постојана служба во машинарницата, но има постојана служба на централното место за управување (брод со ознака на автоматизацијата А2), мора, покрај членовите на екипажот од член 4 став 1 точ. 1 и 3 на овој правилник, да го има и најмалку следниот број на членови на екипажот на машина, и тоа:

1) брод со ознака на автоматизацијата А1: три офицери на машина од кои еден ја надгледува работата на електроуредите и еден квалификуван работник на металска или електроструга кој има најмалку две години пловидбен стаж;

2) брод со ознака на автоматизацијата А2: три офицери на машина од кои еден ја надгледува работата на електроуредите, еден квалификуван работник на металска или електроструга кој има најмалку две години пловидбен стаж и два бродски подмачкувачи, односно два бродски мотористи.

Член 6

Брод под 1.500 БРТ што плови во која и да било категорија на пловидба и што нема постојана служба во машинарницата и на централното место за управување (брод со ознака на автоматизацијата А1) и што со оглед на својата конструкција и намена за превоз на специјални товари ги исполнува условите за безбедност, мора да го има најмалку следниот број на членови на екипажот, и тоа:

1) на палубата: два офицери на палуба и три кормилари:

2) во машината: два офицери на машина овластени за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот;

3) во кујната: еден бродски готвач.

Член 7

Брод што плови во голема крајбрежна пловидба и чија пловидба трае над 24 часа, а бродската стража се врши во три смени, мора да го има најмалку следниот број на членови на екипажот, и тоа:

1) на палубата: брод до 500 БРТ — еден офицер на палуба, два кормилари и еден поморец на палуба, а брод над 500 БРТ — еден офицер на палуба, три кормилари и два поморци на палуба;

2) во машината: два офицери на машина овластени за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот и еден чистач на машина, а брод со бродски машински комплекс над 400 kW — два офицери на машина овластени за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот и два бродски подмачкувачи, односно два бродски мотористи;

3) во кујната: еден бродски готвач.

Патнички брод што плови во голема крајбрежна пловидба мора, покрај членовите на екипажот од став 1 на овој член, да има и еден офицер на палуба.

Член 8

По исклучок од одредбите на член 4 став 1, чл. 5 и 6 и член 7 став 1 од овој правилник, брод што плови во долга пловидба или во голема крајбрежна пловидба, додека плови помеѓу две југословенски луки и чија пловидба не трае подолго од 16 часа, може да има само еден офицер на палуба, два кормилари и два поморци на палуба, а на машината — еден офицер на машина овластен за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот и два бродски подмачкувачи, односно два бродски мотористи.

Член 9

Брод што плови во мала крајбрежна пловидба мора да го има најмалку следниот број на членови на екипажот и тоа:

1) брод до 50 БРТ: еден морнар моторист или еден поморец на машина овластен за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот или еден поморец на палуба, ако заповедникот на бродот има соодветно овластување за вршење на работи на машина:

2) брод над 50 до 100 РТБ: еден кормилар и еден морнар моторист, односно еден бродски моторист, или еден поморец на машина овластен за работа на машина, зависно од силата на погонската постројка на бродот;

3) брод над 100 до 200 БРТ: еден кормилар, еден поморец на палуба и еден поморец на машина овластен за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот;

4) брод над 200 БРТ: два кормилари, еден поморец на палуба и два поморци на машина овластени за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот.

Патнички брод над 100 БРТ што плови во мала крајбрежна пловидба мора, покрај членовите на екипажот од став 1 на овој член, да има и:

1) на палубата: еден офицер на палуба, ако пловидбата трае од 8 до 16 часа, односно два офицери на палуба, ако пловидбата трае над 16 часа;

2) во машината: еден поморец на машина овластен за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот, ако пловидбата трае над 8 часа.

Член 10

Брод до 1.000 БРТ што врши траектен превоз кога плови по крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, мора да во има најмалку следниот број на членови на екипажот, и тоа:

1) брод со далечинско управување, што врши траектен превоз:

— без класичен кормиларски уред: еден кормилар и еден поморец на машина овластен за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот;

— со класичен кормиларски уред: еден кормилар, еден поморец на палуба и еден поморец на машина овластен за работа на машина, зависно од силата на погонската постројка на бродот;

2) брод со рачен превртувач на машина, што врши траектен превоз:

— со една машина: еден кормилар, еден поморец на палуба и еден поморец на машина овластен за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот;

— со две физички одвоени машини: еден кормилар, еден поморец на палуба и два поморци на машина овластени за работа на машина зависно од силата на погонската постројка на бродот.

Член 11

Брод што врши меѓународни патувања мора, покрај членовите на екипажот, предвидени со овој правилник, да има и тоа:

1) товарен брод од 300 до 1.600 БРТ: еден радиотелефонист, односно еден радиотелеграфист, ако бродот употребува радиотелеграфски уред;

2) товарен брод над 1.600 БРТ и патнички брод без оглед на големината: еден радиотелеграфист;

3) патнички брод што превезува или е овластен да превезува повеќе од 250 патници, ако патувањето помеѓу две луки трае повеќе од 16 часа: два радиотелеграфисти.

Брод што плови во крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија мора, покрај другите членови на екипажот, предвидени со овој правилник, да има и тоа:

Товарен брод над 300 БРТ: еден радиотелефонист, односно еден радиотелеграфист, ако бродот употребува радиотелефонски, односно радиотелеграфски уред.

Член 12

Брод што има електрична централа со вкупно вградена сила на генераторот повисока од 700 kVA наизменичка струја или 400 kW истонасочна струја мора да има еден квалификувач електричар.

Член 13

Како време на пловидба во смисла на одредбите од член 8 и член 9 став 2 на овој правилник, се смета и времето потребно за подготвување на бродот за пловидба, односно за патување како и времето на задржувањето на бродот во луката што не трае подолго од 4 часа.

Член 14

Ако член на екипажот на брод што врши меѓународно патување, освен радиотелеграфистот и радиотелефонистот, кои мораат да се наоѓаат на бродот, го напушти бродот во странска лука, бродот може да исплови од луката и без тој член на екипажот до наредната лука или на патување што не трае подолго од 30 дена, под услов должностите на членот на екипажот кој го напуштил бродот да ги преземе лицето овластено за вршење на работи од непосредно пониска функција.

Член 15

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за бројот на стручно оспособени членови на посада што мораат да го имаат бродови на југословенската трговска морнарица („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/65 и 32/68).

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1876/1
9 април 1981 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
Анте Зелиќ, с. р.

276.

Врз основа на член 1036 став 2 точка 6 од Законот за поморската и внатрешната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/77), Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЗВАЊАТА, УСЛОВИТЕ ЗА ЗДОБИВАЊЕ СО ЗВАЊА И ЗА ОВЛАСТУВАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЕКИПАЖОТ НА ПОМОРСКИТЕ БРОДОВИ НА ТРГОВСКАТА МОРНАРИЦА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат звањата, условите за здобивање со звање и овластувањата на членовите на екипажот на поморските бродови на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 2

Со звањата пропишани со овој правилник членовите на екипажот на поморските бродови на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во натамошниот текст: поморците) се здобиваат, односно тие звања им се признаваат под условите и на начинот пропишани со овој правилник.

II. Звања на поморците

Член 3

Звања на поморците се:

1) морнар-моторист;
2) крмар;
3) бродоводител на ограничена пловидба;

4) бродоводител;

5) поручник на трговска морнарица;

6) капетан на долга пловидба;

7) бродски подмачкувач;

8) бродски моторист;

9) бродски машиноводител;

10) поморски машинист;

11) поморски машинист I класа;

12) поморски радиотелеграфист II класа;

13) поморски радиотелеграфист I класа;

14) поморски радиотелефонист со ограничено овластување;

15) поморски радиотелефонист со општо овластување;

16) бродски готвач.

Член 4

Лицата кои немаат пловидбен стаж потребен за здобивање со звањето поручник на трговска морнарица, поморски машинист и поморски радиотелеграфист II класа се качуваат на брод во својство на приправници.

Приправниците од став 1 на овој член мораат да имаат степен на стручна подготовка, и тоа:

1) за звањето поручник на трговска морнарица — IV односно VI/1 степен на стручна подготовка (наутичка насока);

2) за звањето поморски машинист — IV односно VI/1 степен на стручна подготовка (бродомашинска насока);

3) за звањето поморски радиотелеграфист II класа — IV степен на стручна подготовка (насока: електротехничар за телеграфски и телефонски уреди, електроничен механичар за телекомуникации, електроничен механичар за радиотелевизиска техника, електротехничар за слаба струја, електроинженер за слаба струја, инженер по телеграфија, односно IV/1 степен на стручна подготовка (радионасока, насока на поморски радиокомуникации).

III. Услови за здобивање со звања

Член 5

Со звањето морнар-моторист се здобива:

1) поморец, односно член на екипаж на брод за внатрешна пловидба (во натамошниот текст: бродарец) кој во својство на морнар или чистач на машини има најмалку една година пловидбен стаж, кој завршил II степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето морнар-моторист;

2) водител на чамец кој во тоа својство има најмалку три години пловидбено искуство во пловење со чамец, кој завршил II степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето морнар-моторист.

Член 6

Со звањето крмар се здобива:

1) поморец кој во својство на морнар има најмалку две години пловиден стаж, од што најмалку шест месеци на работи на крмарење под надзор од офицер на стража, кој завршил II степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето крмар;

2) поморец кој во звањето морнар-моторист има најмалку осумнаесет месеци пловидбен стаж, од што најмалку шест месеци на работи на крмарење под надзор од офицер на стража, кој завршил II степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето крмар;

3) бродарец кој во звањето морнар на бродовите за внатрешна пловидба има најмалку две години пловидбен стаж, од што најмалку шест месеци на работи на крмарење на поморски бродови под надзор од офицер на стража, кој завршил II степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето крмар.

Член 7

Со звањето бродоводител на ограничена пловидба се здобива:

1) поморец кој во звањето крмар има најмалку една година пловидбен стаж, кој завршил III степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето бродоводител на ограничена пловидба;

2) поморец кој во звањето морнар-моторист има најмалку две години пловидбен стаж, кој завршил III степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето бродоводител на ограничена пловидба.

Член 8

Со звањето бродоводител се здобива:

1) поморец кој во звањето бродоводител на ограничена пловидба има најмалку две години пловидбен стаж, кој завршил III степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето бродоводител;

2) поморец кој во звањето крмар има најмалку три години пловидбен стаж, кој завршил III степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето бродоводител;

3) поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил бродарска школа за помлади офицери или морнаричко средно техничко училиште, кој има бродарска специјалност и најмалку две години пловидбен стаж и кој положил стручен испит за звањето бродоводител.

Член 9

Со звањето поручник на трговска морнарица се здобива:

1) лице кое во својство на приправник за звањето поручник на трговска морнарица има најмалку една година пловидбен стаж, од што најмалку шест месеци на бродови на долга или голема крајбрежна пловидба, кој завршил V степен на стручна подготовка (наутичка насока), односно VI/1 степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето поручник на трговска морнарица;

2) поморец кој во звањето бродоводител има најмалку две години пловидбен стаж во својство офицер на стража, од што најмалку една година на бродови над 300 БРТ, кој завршил V степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето поручник на трговска морнарица;

3) поручник на внатрешна пловидба кој во својство на приправник за звањето поручник на трговска морнарица има најмалку девет месеци пловидбен стаж, од што најмалку шест месеци на бродови на долга или голема крајбрежна пловидба, и кој положил стручен испит за звањето поручник на трговска морнарица.

4) капетан на внатрешна пловидба кој во својство на приправник за звањето поручник на трговска морнарица има најмалку шест месеци пловидбен стаж, од што најмалку три месеца на бродови на долга или голема крајбрежна пловидба, и кој положил стручен испит за звањето поручник на трговска морнарица.

Член 10

Со звањето капетан на долга пловидба се здобива:

1) поручник на трговска морнарица кој во својство на офицер на палуба има најмалку две години пловидбен стаж, од што најмалку една година на бродови на долга пловидба, кој завршил VI/2 степен на стручна подготовка (наутичка насока) и положил стручен испит за звањето капетан на долга пловидба;

2) поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил военопоморска академија или виша военопоморска академија, кој има три години пловидбен стаж, од што најмалку две години во вршење на самостојна стража во сите услови на бродовите на Југословенската воена морнарица, и кој положил стручен испит за звањето капетан на долга пловидба.

Член 11

Со звањето бродски подмачкувач се здобива лице кое во својство на чистач на машини има најмалку две години пловидбен стаж, кое завршило II степен на стручна подготовка (машинска насока) и положило стручен испит за звањето бродски подмачкувач.

Член 12

Со звањето бродски моторист се здобива:

1) поморец кој во звањето бродски подмачкувач има најмалку една година пловидбен стаж, кој завршил II степен на стручна подготовка (машинска насока) и положил стручен испит за звањето бродски моторист;

2) поморец кој во звањето морнар-моторист има најмалку две години пловидбен стаж на работи во бродски машински комплекс со сила поголема од 100 kW, кој завршил II степен на стручна подготовка (машинска насока) и положил стручен испит за звањето бродски моторист;

3) поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил освен машински курс, односно курс за моторист во траење од најмалку шест месеци, кој има најмалку една година пловидбен стаж на работи во бродски машински комплекс на бродовите на Југословенската воена морнарица и кој положил стручен испит за звањето бродски моторист.

Член 13

Со звањето бродски машиноводител се здобива:

1) поморец кој во звањето бродски моторист има најмалку две години пловидбен стаж, од што најмалку една година во бродски машински комплекс со сила поголема од 220 kW, кој завршил III степен на стручна подготовка (машинска насока) и положил стручен испит за звањето бродски машиноводител;

2) поморец кој во звањето бродски подмачкувач има најмалку три години пловидбен стаж, од што најмалку една година во бродски машински комплекс со сила поголема од 220 kW, кој завршил III степен на стручна подготовка (машинска насока) и положил стручен испит за звањето бродски машиноводител;

3) лице кое во својство на механичар има најмалку три години пловидбен стаж, од што најмалку една година во бродски машински комплекс со сила поголема од 220 kW, кој завршил III степен на стручна подготовка (машинска насока) и положил стручен испит за звањето бродски машиноводител;

4) поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил едногодишен курс за машинска насока, кој има најмалку четири години пловидбен стаж на бродовите на Југословенската воена морнарица на работи во бродски машински комплекс, со сила поголема од 370 kW, и кој положил стручен испит за звањето бродски машиноводител.

Член 14

Со звањето поморски машинист се здобива:

1) лице кое во својство на приправник за звањето поморски машинист има најмалку една година пловидбен стаж во бродски машински комплекс со сила поголема од 370 kW, кое завршило V степен на стручна подготовка (машинска насока) односно VI/1 степен на стручна подготовка (машинска насока) и положило стручен испит за звањето поморски машинист;

2) поморец кој во звањето бродски машиноводител има најмалку две години пловидбен стаж во својството офицер на стража, од што најмалку една година во бродски машински комплекс, со сила поголема од 370 kW, кој завршил V степен на стручна подготовка (машинска насока) и положил стручен испит за звањето поморски машинист;

3) поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил поморско-машинска школа, има најмалку една година пловидбен стаж во бродски машински комплекс, со сила поголема од 370 kW, на бродовите на Југословенската воена морнарица и кој положил стручен испит за звањето поморски машинист.

Член 15

Со звањето поморски машинист I класа се здобива:

1) поморски машинист кој во својството на офицер на машина има најмалку две години пловидбен стаж, од што најмалку една година во бродски машински комплекс со сила поголема од 1.470 kW, кој завршил VI/2 степен на стручна подготовка (машинска насока) и положил стручен испит за звањето поморски машинист I класа;

2) поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил морнаричко-техничка академија или виша военопоморска академија (техничка насока), кој има најмалку една година пловидбен стаж во бродски машински комплекс, со сила поголема од 1.470 KW, и кој положил стручен испит за звањето поморски машинист I класа.

Член 16

Со звањето поморски радиотелеграфист II класа се здобива:

1) лице кое во својство на приправник за звањето поморски радиотелеграфист II класа има најмалку една година пловидбен стаж на работи на бродска радиостаница, кое завршило V, односно VI/1 степен на стручна подготовка (насока: електротехничар за телеграфско-телефонски уреди, електроничен механичар за телекомуникации, електротехнички механичар за радиотелевизиска техника, електротехничар за слаба струја, електро-

инженер за слаба струја, инженер за телеграфија) и кое положило стручен испит за звањето поморски радиотелеграфист II класа;

2) поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил морнаричка радиотелеграфска школа за помлади офицери во траење од три години, кој има најмалку две години работа на работи на радиотелеграфијата, од што најмалку една година на работи во бродска радиостаница, и кој положил стручен испит за звањето поморски радиотелеграфист II класа;

3) поморец кој во Југословенската народна армија завршил воена школа за врски (радиотелеграфски отсек) во траење од најмалку три години, положил испит за радиотелеграфист II класа во Југословенската народна армија и во тоа звање работел најмалку една година на работи на радиотелеграфијата, кој има најмалку една година пловидбен стаж во својство на приправник за звањето поморски радиотелеграфист II класа на бродска радиостаница и кој положил стручен испит за звањето поморски радиотелеграфист II класа.

Член 17

Со звањето поморски радиотелеграфист I класа се здобива поморски радиотелеграфист II класа кој во својство на офицер за врски има најмалку две години пловидбен стаж, кој завршил VI/2 степен на стручна подготовка (радионасока или насока на поморски радиокомуникации) и кој положил стручен испит за звањето поморски радиотелеграфист I класа.

Член 18

Со звањето поморски радиотелефонист со ограничено овластување, односно со звањето поморски радиотелефонист со општо овластување се здобива поморец кој има едно од звањата од овој правилник, односно лице кое завршило II степен на стручна подготовка и кое положило стручен испит за звањето поморски радиотелефонист со ограничено овластување, односно за звањето поморски радиотелефонист со општо овластување.

Член 19

Со звањето бродски готвач се здобива лице кое завршило III степен на стручна подготовка, кое има најмалку шест месеци пловидбен стаж на работа во бродска кујна и кое положил стручен испит за звањето бродски готвач.

IV. Пловидбен стаж

Член 20

Пловидбен стаж, во смисла на овој правилник, е времето поминато на брод во определено својство, односно во вршење на работи на определено звање.

Член 21

Како пловидбен стаж се признава и времето поминато на брод додека бродот се наоѓал на поправка.

Како пловидбен стаж не се признава времето поминато на брод додека бродот се наоѓал во распрема.

Времето од став 1 на овој член му се признава: на приправник за звањето поручник на трговска морнарица најмногу еден месец, а на приправник за звањето поморски машинист најмногу четири месеца.

За звањето крмар, како пловидбен стаж се признава времето поминато во својство на морнар на поморски технички пловен објект, но најмногу шест месеци.

На поморец во звањето радиотелеграфист II класа му се признава во пловидбен стаж за здобивање со звањето поморски радиотелеграфист I класа времето поминато на практична работа во крајбрежна радиостаница, но најмногу шест месеци.

Член 22

Како пловидбен стаж за стекнување и признавање на звања во трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија може да се признае и пловидбен стаж остварен на бродови под странско знаме.

Пловидбениот стаж од став 1 на овој член се признава врз основа на уверение на странски поморско-управни органи и со докази дека е извршен во соодветни или слични услови како на бродовите на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Ако пловидбениот стаж од став 1 на овој член не одговара на пловидбениот стаж на бродовите на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, мора да се дополни на бродовите на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 23

Во пловидбен стаж поминат на бродовите на Југословенската воена морнарица во самостојно вршење на должноста офицер на палубна стража во сите услови се признава само времето што е поминато во вршење на должноста командант и начелник на штаб на пловна единица на брод во опрема и на командант на брод во опрема. На другите бродски офицери им се признава во овој пловидбен стаж времето поминато на брод во опрема од денот на добивањето на оценката за оспособеност за вршење на самостојна палубна стража во сите услови.

Член 24

Пловидбениот стаж определен како услов за здобивање или признавање на звање при преминувањето од Југословенската воена морнарица во трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, кој не е извршен во целост на бродовите на Југословенската воена морнарица, може да се замени со дополнително здобиен пловидбен стаж остварен во определено својство, односно со вршење на соодветни работи на своето звање на бродовите на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

V. Признавање на звања

Член 25

Звањето крмар му се признава на поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил поморско-бродарско училиште или морнаричко средно-техничко училиште со бродарска специјалност и има најмалку две години пловидбен стаж на бродовите на Југословенската воена морнарица.

Член 26

Звањето бродоводител на ограничена пловидба му се признава на поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил поморско-бродарско училиште и има најмалку три години пловидбен стаж на

бродовите на Југословенската воена морнарица, од што најмалку една година во својство на заповедник или помошник-заповедник на брод.

Член 27

Званието поручник на трговска морнарица му се признава на поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил военопоморско училиште, военопоморска академија, односно виша военопоморска академија, односно командно-штабна академија и има најмалку две години пловидбен стаж, односно кој во Југословенската воена морнарица завршил поморска официрска школа и има најмалку четири години пловидбен стаж, од што најмалку три години во вршење на должноста офицер на самостојна стража во сите услови на бродовите на Југословенската воена морнарица и кој положил дополнителен стручен испит.

Дополнителниот стручен испит од став 1 на овој член се полага од предметите раководење со брод и товар и од англиски јазик.

Член 28

Званието капетан на долга пловидба му се признава на поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил военопоморско училиште, военопоморска академија, односно виша воена поморска академија, односно командно-штабна академија и има најмалку пет години пловидбен стаж, од што најмалку четири години во вршење на должноста офицер на самостојна стража во сите услови на бродовите на Југословенската воена морнарица и кој положил дополнителен стручен испит.

Дополнителниот стручен испит од став 1 на овој член се полага од предметите ракување со брод и товар и од англиски јазик.

Член 29

Званието бродски подмачкувач му се признава на лице кое завршило II степен стручна подготовка (машинска, односно сообраќајна насока).

Член 30

Званието бродски моторист му се признава на квалификуван работник од металска струка кој во Југословенската воена морнарица завршил основен машински курс, односно основен курс по мотористика и има најмалку една година пловидбен стаж во бродски машински комплекс.

Член 31

Званието бродски машиноводител му се признава:

1) на машиноводител на внатрешна пловидба;

2) на поморец кој завршил едногодишен курс од машинска насока во Југословенската воена морнарица и има најмалку шест години пловидбен стаж на бродовите на Југословенската воена морнарица на работи во бродски машински комплекс, со сила поголема од 736 kW.

Член 32

Званието поморски машинист му се признава:

1) на машинист на внатрешна пловидба;

2) на поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил школа за помлади офицери на воената морнарица (моторна, машинска или бродомашинска специјалност) во траење од три и повеќе години и има најмалку четири години пловидбен стаж на бродовите на Југословенската воена морнарица на работи во бродскиот машински комплекс, со сила поголема од 736 kW, односно кој има најмалку четири години пловидбен стаж на бродовите на Југословенската воена морнарица на самостојна должност управител на машински комплекс со сила од 370 kW до 736 kW;

3) на поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил поморска машинска школа за офицери и има најмалку три години пловидбен стаж на бродовите на Југословенската воена морнарица на работи во бродски машински комплекс, со сила поголема од 736 kW.

Член 33

Званието поморски машинист I класа му се признава:

1) на машинист на внатрешната пловидба I класа;

2) на поморец кој во Југословенската воена морнарица завршил военопоморско училиште, школа, академија, (моторна, машинска, бродомашинска специјалност) во траење од три или повеќе години или виша военопоморска академија, односно командно-штабна академија на воената морнарица (технички отсек) и има најмалку две години пловидбен стаж на бродовите на Југословенската воена морнарица на работи во бродски машински комплекс, со сила поголема од 1470 kW.

VI. Овластувања

Член 34

Поморец може на бродот да врши работи од определено звање за кои добил овластување.

Член 35

Овластувањето содржи: натпис „Социјалистичка Федеративна Република Југославија", со втиснат државен грб на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и назив: „овластување"; податок за органот што го издал овластувањето; презиме и име на поморецот кому му се издава овластувањето со следните податоци: датум, место и република на раѓањето, државјанство и звање; податок за прописот за издавање на овластувањето; работи за кои се овластува поморецот; датум и место на издавањето на овластувањето и потпис на лицето овластено за издавање на овластувањето.

Овластувањето за поморски радиотелеграфист II класа, поморски радиотелеграфист I класа, поморски радиотелефонист со ограничено овластување и поморски радиотелефонист со општо овластување содржи и фотографија на носителот на овластувањето.

Овластувањето се составува на јазикот и писмото на народот на Југославија и на јазиците на народностите на Југославија кои се во службена употреба во републиката, односно автономната покраина на чијашто територија е седиштето на органот што го издава овластувањето, како и на англиски јазик.

Член 36

Овластувањето му се издава на поморец постар од 18 години ако телесно и душевно е способен да ја врши работата на бродот и ако ги исполнува условите пропишани во поглед на острината на видот и слухот, како и на сетилото за мирис за поморците на работи во машински комплекс.

Сите поморци мораат да ги познаваат вештините пливање и веслање, како и можноста за спасување и опстанување на море.

Овластувањето за вршење на работи од определено звање ќе му се одземе на поморец ако установи дека не ги исполнува условите од став 1 на овој член.

Одземањето на овластувањето во случаите од став 3 на овој член може да биде привремено или трајно.

Член 37

Поморецот кому му е издадено овластување за вршење на работи од определено звање може да врши, и тоа:

1) морнар-моторист — работи на заповедник на брод до 25 BRT; работи на управување со бродски мотори со сила до 75 kW;

2) крмар — работи на крмарење со брод под надзор на офицер на стража; работи на заповедник на брод до 50 BRT во границите на крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија ако има најмалку една година пловидбен стаж во тоа звање во границите на мала крајбрежна пловидба, со одобрение на органот кој е надлежен за работи на безбедноста на пловидбата во републиката, односно автономната покраина, и вон од границите на крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, покрај брегот;

3) бродоводител на ограничена пловидба — работи на заповедник на брод до 100 BRT во границите на малата крајбрежна пловидба;

4) бродоводител — а) работи на офицер на палуба на патнички бродови до 500 BRT; б) работи на офицер на палуба на други поморски бродови, без оглед на тонажата во границите на мала крајбрежна пловидба; в) работи на офицер на палуба на бродови до 400 BRT во границите на голема крајбрежна пловидба, ако има пет години пловидбен стаж во звањето бродоводител; г) работи на втор офицер на палуба на бродови до 800 BRT во границите на голема крајбрежна пловидба, ако има десет години пловидбен стаж во звањето бродоводител; д) работи на заповедник на патнички брод до 200 BRT, на товарен брод до 400 BRT, на влекач со погонска сила на бродската машина до 740 kW, односно на поморски технички пловен објект, без оглед на тонажата во границите на мала крајбрежна пловидба; ѓ) работи на заповедник на брод кој врши траектни превози до 500 BRT додека бродот одржува редовна линија (врши пловидба) на релација не подолга од 10 морски милји и на товарен брод до 1000 BRT додека бродот плови во границите на крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ако има осум години пловедбен стаж во звањето бродоводител, од што најмалку три години во својство на заповедник на брод;

5) поручник на трговска морнарица — а) работи на трет офицер на палуба, а по една година пловидбен стаж работи на втор офицер на палуба на сите бродови, без оглед на тонажата и границите на пловидбата односно работи на прв офицер на палуба на рибарски бродови кои вршат риболов во долга пловидба; б) работи на прв офицер на палуба на товарни бродови на голема крајбрежна пловидба и на патнички бродови на мала крајбрежна пловидба, ако има најмалку две години пловидбен стаж во својство на трет или втор офицер на палуба; в) работи на прв офицер на палуба на бродови на долга пловидба ако има најмалку две години пловидбен стаж на работи на втор офицер на палуба на бродови на долга пловидба; г) работи на заповедник на патнички брод до 500 BRT, на товарен брод до 1000 BRT, односно на поморски технички пловен објект во границите на мала крајбрежна пловидба; г) работи на заповедник на рибарски брод во границите на голема крајбрежна пловидба; ѓ) работи на заповедник на патнички брод до 2000 BRT во голема крајбрежна пловидба, односно на товарен брод до 4000 BRT во голема крајбрежна пловидба, ако има најмалку две години пловидбен стаж на работи на прв офицер на палуба во голема крјабрежна пловидба, односно на долга пловидба или заповедник на патнички брод до 500 BRT, односно на товарен брод до 1000 BRT; е) работи на заповедник на рибарски брод кој врши риболов во долга пловидба, ако има најмалку четири години пловидбен стаж, од што две години пловидбен стаж на работи на прв офицер на палуба во долга пловидба;

6) капетан на долга пловидба — работи на заповедник на брод од сите видови и категории;

7) бродски подмачкувач — работи на подмачкување и послужување на бродски машини под надзор на офицер на машина; работи на управување со парна машина, со сила до 150 kW, со багер или кран, ако има најмалку една година пловидбен стаж во тоа звање, односно во својство на помошник багерист или кранист;

8) бродски моторист — работи на офицер на машина на бродови со бродски машински комплекс, со сила до 450 kW; работи на управување со бродски машински комплекс, со сила до 220 kW;

9) бродски машиноводител — работи на офицер на машина на бродови со бродски машински комплекс, со сила до 1100 kW; работи на управување со бродски машински комплекс, со ила до 450 kW; работи на управување со бродски машински комплекс, со сила до 750 kW, ако има пет години пловидбен стаж во звањето бродски машиноводител;

10) поморски машинист — а) работи на трет офицер на машина, а по една година пловидбен стаж работи на втор офицер на машина на сите бродови, без оглед на силата на бродскиот машински комплекс; б) работи на прв офицер на машина, без оглед на силата на бродскиот машински комплекс ако има најмалку две години пловидбен стаж во својство на втор офицер на машина; в) работи на управување со бродски машински комплекс со сила до 1100 kW, ако има најмалку две години пловидбен стаж во својство на офицер на машина; г) работи на управување со бродски машински комплекс со сила до 3700 kW, ако има најмалку петнаесет години пловидбен стаж во својство на офицер на машина;

11) поморски машинист I класа — работи на управување со машински комплекс, без оглед на неговата сила;

12) поморски радиотелеграфист II класа — работи на радиотелеграфист и работи на управување со бродска радиостаница од III или II категорија;

13) поморски радиотелеграфист I класа — работи на радиотелеграфист на крајбрежна, односно на бродска радиостаница и работи на управување со бродски радиостаници од сите категории;

14) поморски радиотелефонист со ограничено овластување — работи на радиотелефонист на крајбрежна, односно бродска радиотелефонска станица во внатрешниот радиосообраќај;

15) поморски радиотелефонист со општо овластување — работи на радиотелефонист на секоја крајбрежна, односно бродска радиотелефонска станица;

16) бродски готвач — работи на подготвување и готвење на храна за екипажот и патниците.

VII. Преодни и завршни одредби

Член 38

Поморци кои се здобиле со звањето капетан на крајбрежна пловидба, крмар за рибарски брод, бродоводител за рибарски брод и моторист за рибарски брод го задржуваат тоа звање и овластување за вршење на работите на тоа звање.

Член 39

На поморци кој се здобиле со звањето поморски радиофонист, односно кои се здобиле со овластување за вршење на работи на радиофонијата, ќе им се издадат нови овластувања, и тоа:

1) на поморци во звањето бродоводител, капетан на крајбрежна пловидба, поручник на трговска морнарица, капетан на долга пловидба, машиноводител, поморски машинист и поморски машинист I класа — овластување за вршење на работи на поморски радиотелефонист со општо овластување;

2) на други поморци — овластување за вршење на работи на поморски радиотелефонист со ограничено овластување.

Овластувањето за вршење работи на поморски радиотелефонист со општо овластување ќе им се издаде и на поморците од точка 2 став 1 на овој член, ако положат испит од англиски јазик.

Член 40

На поморците кои врз основа на овој правилник им се изменети овластувањата, ќе им се издаде ново овластување.

Член 41

На поморец кој за вршење на определени работи во трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија стручно се оспособил во странство може да му се признае определено звање од член 3 на овој правилник ако степенот на стручното образование и должината на пловидбениот стаж што го има одговара на одредбите на овој правилник за здобивање и признавање на звањето.

На поморецот од став 1 на овој член мора да му се определи полагање на дополнителен стручен испит, односно извршување на дополнителен пловидбен стаж ако се утврди дека постои разлика во степенот на стручното образование, односно во должината на пловидбениот стаж што поморецот го има и степенот на стручното образование, односно во должината на пловидбениот стаж пропишан со одредбите на овој правилник за здобивање и признавање на звање.

Член 42

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1877/1
9 април 1981 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
Анте Зелић, с. р.

277.

Врз основа на член 15 во врска со член 7 од Законот за статистичките истражувања од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/77), директорот на Сојузниот завод за статистика донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ЕДИНСТВЕНА СТАНДАРДНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА

1. Се пропишува Единствена стандардна класификација на занимањата заради примена во статистичките истражувања од страна на органите и организациите надлежни за вршење на статистички истражувања.

2. Единствената стандардна класификација на занимањата е отпечатена кон ова решение и претставува негов составен дел.

3. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за Единствена стандардна класификација на занимањата („Службен лист на СФРЈ", бр 28/72 и 36/77).

4. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 710-1414/2
7 април 1981 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
статистика,
Франта Комел, с. р.

ЕДИНСТВЕНА СТАНДАРДНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА

I. ГРУПИ ЗАНИМАЊА

СЕЛСКОСТОПАНСТВЕНИЦИ И СРОДНИ РАБОТНИЦИ (групата ги опфаќа видовите занимања 01 до 03)	I
РУДАРИ, ИНДУСТРИСКИ И СРОДНИ РАБОТНИЦИ (групата ги опфаќа видовите занимања 04 до 35)	II
РАБОТНИЦИ ВО ТРГОВИЈАТА (групата го опфаќа видот занимање 36)	III
РАБОТНИЦИ ВО УСЛУГИ (групата ги опфаќа видовите занимања 37 до 40)	IV
ПЕРСОНАЛ ПО ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА (групата ги опфаќа видовите занимања 41, 42)	V
УПРАВНИ, АДМИНИСТРАТИВНИ И СРОДНИ РАБОТНИЦИ (групата ги опфаќа видовите занимања 43 до 45)	VI
РАКОВОДЕН ПЕРСОНАЛ (групата ги опфаќа видовите занимања 46 до 48)	VII
СТРУЧЊАЦИ И УМЕТНИЦИ (групата ги опфаќа видовите занимања 49 до 56)	VIII
ДРУГИ ЗАНИМАЊА (групата ги опфаќа видовите занимања 57, 58)	IX
РАБОТНИЦИ БЕЗ ЗАНИМАЊЕ (групата го опфаќа видот на занимање 99)	X

II. ВИДОВИ ЗАНИМАЊА

01 СЕЛСКОСТОПАНСТВЕНИЦИ
02 РИБАРИ И ЛОВЦИ
03 ШУМСКИ РАБОТНИЦИ

04 РУДАРИ
05 ПРОИЗВЕДУВАЧИ И ОБРАБОТУВАЧИ НА МЕТАЛИ
06 ОБЛИКУВАЧИ И ПРЕРАБОТУВАЧИ НА МЕТАЛИ
07 МЕХАНИЧАРИ И МОНТЕРИ НА МОТОРИ, МАШИНИ И МЕХАНИЧКИ УРЕДИ
08 ИНСТАЛАТЕРИ И РАБОТНИЦИ НА МЕТАЛНИ КОНСТРУКЦИИ
09 ЈУВЕЛИРИ, ЗЛАТАРИ И БИЖУТЕРИ
10 ЕЛЕКТРИЧАРИ, ЕЛЕКТРОМЕХАНИЧАРИ, ЕЛЕКТРОНИЧАРИ И ЕЛЕКТРОИНСТАЛАТЕРИ
11 КЕРАМИЧАРИ И СТАКЛАРИ
12 ХЕМИСКИ И СРОДНИ РАБОТНИЦИ
13 ОБРАБОТУВАЧИ НА ДРВО
14 ОБЛИКУВАЧИ НА ДРВО
15 ПРОИЗВЕДУВАЧИ НА ТЕКСТИЛ
16 ПРЕРАБОТУВАЧИ НА ТЕКСТИЛ
17 ОБРАБОТУВАЧИ НА КОЖА И КРЗНО
18 ПРЕРАБОТУВАЧИ НА КОЖА И КРЗНО
19 ЧЕВЛАРИ
20 ГУМАРИ И ПРЕРАБОТУВАЧИ НА ПЛАСТИЧНИ МАСИ
21 ОБРАБОТУВАЧИ НА КАМЕН
22 ГРАДЕЖНИ РАБОТНИЦИ
23 ПРОИЗВЕДУВАЧИ НА ЦЕМЕНТ И СРОДНИ
24 БОЈАЏИИ
25 ПРОИЗВЕДУВАЧИ НА ХАРТИЈА
26 ПЕЧАТАРИ И КНИГОПОДВРЗУВАЧИ
27 ПРЕРАБОТУВАЧИ НА ХАРТИЈА И ИЗРАБОТУВАЧИ НА ФОТО-ФОЛИИ
28 ОБРАБОТУВАЧИ И ПРЕРАБОТУВАЧИ НА ТУТУН
29 ПРОИЗВЕДУВАЧИ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ
30 ПРОИЗВЕДУВАЧИ НА ПИЈАЧКИ
31 ДРУГИ ИНДУСТРИСКИ И ЗАНАЕТЧИСКИ РАБОТНИЦИ
32 РАКУВАЧИ СО СТАБИЛНИ МАШИНИ И УРЕДИ
33 РАКУВАЧИ СО ГРАДЕЖНИ И СРОДНИ МАШИНИ
34 РАКУВАЧИ СО ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА
35 РАКУВАЧИ СО ДИГАЛКИ, НОСАЧИ И СКЛАДИШНИ РАБОТНИЦИ
36 ТРГОВСКИ ПЕРСОНАЛ
37 УГОСТИТЕЛИ
38 РАБОТНИЦИ ЗА НЕГА НА ЛИЦЕТО И ТЕЛОТО
39 РАБОТНИЦИ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ЧИСТОТА
40 ДРУГИ УСЛУЖНИ РАБОТНИЦИ
41 ПЕРСОНАЛ ПО ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА
42 ВОЕНИ ЛИЦА
43 РАБОТНИЦИ НА УПРАВНИ, АДМИНИСТРАТИВНИ И СРОДНИ РАБОТИ
44 РАБОТНИЦИ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ, БЛАГАЈНИЧКИ И СРОДНИ РАБОТИ
45 РАБОТНИЦИ НА МАНИПУЛАТИВНИ РАБОТИ НА СООБРАЌАЈОТ И ВРСКИТЕ
46 ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЈА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ЗАЕДНИЦИ И ФУНКЦИОНЕРИ НА ИЗВРШНИ ОРГАНИ И ОРГАНИ НА УПРАВАТА НА ПОСТОЈАНИ ДОЛЖНОСТИ
47 РАКОВОДИТЕЛИ И ОРГАНИЗАТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО ВО ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ВО ДРУГИ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ
48 РАКОВОДИТЕЛИ НА КОМОРИ, НА ОПШТИ ЗДРУЖЕНИЈА, НА САМОУПРАВНИ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ, НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ И ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ПОСТОЈАНИ ДОЛЖНОСТИ
49 СТРУЧЊАЦИ ХЕМИЧАРИ, ФИЗИЧАРИ И СРОДНИ
50 СТРУЧЊАЦИ ПО ТЕХНИКА И ТЕХНОЛОГИЈА
51 СТРУЧЊАЦИ ПО СООБРАЌАЈ
52 СТРУЧЊАЦИ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ
53 СТРУЧЊАЦИ ПО МЕДИЦИНСКИ НАУКИ И ДРУГ МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ
54 ДРУГИ СТРУЧЊАЦИ
55 НАСТАВЕН ПЕРСОНАЛ
56 УМЕТНИЦИ И УМЕТНИЧКИ СОРАБОТНИЦИ
57 РАБОТНИЦИ ВО ОБЛАСТА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА
58 ПРОФЕСИОНАЛНИ ВЕРСКИ РАБОТНИЦИ
99 РАБОТНИЦИ БЕЗ ЗАНИМАЊЕ

III. ПОДВИДОВИ ЗАНИМАЊА

01 СЕЛСКОСТОПАНСТВЕНИЦИ

01.1 **Земјоделци**
01.2 **Овоштари и лозари**
01.3 **Сточари, живинари и сродни**
01.4 **Ракувачи со селскостопански машини**
01.5 **Други селскостопанственици**

02 РИБАРИ И ЛОВЦИ

02.1 **Рибари**
02.2 **Школкари, сунѓерари и сродни**
02.3 **Ловци**

03 ШУМСКИ РАБОТНИЦИ

03.1 **Сечачи на дрво**
03.2 **Манипуланти со дрво**
03.3 **Шумари**
03.4 **Други шумски работници**

04 РУДАРИ

04.1 **Јамски работници**
04.2 **Работници на површински коп и во каменоломи**
04.3 **Длабочински дупчачи**
04.4 **Облагородувачи на руди**

05 ПРОИЗВЕДУВАЧИ И ОБРАБОТУВАЧИ НА МЕТАЛИ

05.1 **Произведувачи и топачи на метали**
05.2 **Валачи на метали**
05.3 **Термички обработувачи на метали**
05.4 **Други обработувачи на метали**

06 ОБЛИКУВАЧИ И ПРЕРАБОТУВАЧИ НА МЕТАЛИ

06.1 Обликувачи на метали
06.2 Други обликувачи и преработувачи на метали

07 МЕХАНИЧАРИ И МОНТЕРИ НА МОТОРИ, МАШИНИ И МЕХАНИЧКИ УРЕДИ

07.1 Механичари и монтери на мотори и енергетски уреди
07.2 Механичари и монтери на машини
07.3 Механичари и монтери на индустриски инсталации и уреди
07.4 Механичари и монтери на возила
07.5 Прецизни механичари
07.6 Оружари

08 ИНСТАЛАТЕРИ И РАБОТНИЦИ НА МЕТАЛНИ КОНСТРУКЦИИ

08.1 Инсталатери на цевоводи
08.2 Инсталатери и составувачи (монтери) на метални јажиња и кабли
08.3 Други работници на изработка и монтирање на метални конструкции

09 ЈУВЕЛИРИ, ЗЛАТАРИ И БИЖУТЕРИ

09.1 Јувелири и златари
09.2 Бижутери и сродни

10 ЕЛЕКТРИЧАРИ, ЕЛЕКТРОМЕХАНИЧАРИ, ЕЛЕКТРОНИЧАРИ И ЕЛЕКТРОИНСТАЛАТЕРИ

10.1 Електромеханичари и електричари
10.2 Електроничари-механичари
10.3 Составувачи на електрични и електронски апарати и делови
10.4 Електроинсталатери и монтери на водови
10.5 Ракувачи со радио, телевизиски и со други видео-акустични уреди

11 КЕРАМИЧАРИ И СТАКЛАРИ

11.1 Керамичари
11.2 Произведувачи на тули и керамиди
11.3 Произведувачи на стакло
11.4 Обработувачи на стакло

12 ХЕМИСКИ И СРОДНИ РАБОТНИЦИ

12.1 Ракувачи со уреди за механичка обработка на суровини во хемиското производство
12.2 Ракувачи со печки и апарати за термичко-хемиска обработка
12.3 Ракувачи со уреди за филтрирање
12.4 Ракувачи со уреди за дестилација (освен рафинирање на нафта)
12.5 Ракувачи со уреди за рафинација и екстракција (со исклучок на рафинирање на нафта)
12.6 Ракувачи со уреди за рафинирање на нафта
12.7 Други ракувачи со уреди во хемиското и сродно производство
12.8 Контролори и лаборанти во хемиското производство

13 ОБРАБОТУВАЧИ НА ДРВО

13.1 Работници на термичко-хемиска обработка на дрво
13.2 Работници на механичка обработка на дрво
13.3 Други работници на обработка на дрво

14 ОБЛИКУВАЧИ НА ДРВО

14.1 Столари
14.2 Ракувачи со машини за обликување на дрво
14.3 Други обликувачи на дрво

15 ПРОИЗВЕДУВАЧИ НА ТЕКСТИЛ

15.1 Подготвувачи на текстилни влакна
15.2 Предачи и мотачи на текстилни влакна
15.3 Дотерувачи на ткајачки и плетачки машини
15.4 Ткајачи на текстил
15.5 Плетачи на текстил
15.6 Доработувачи на текстил
15.7 Други произведувачи на текстил
15.8 Моделисти во производство на текстил

16 ПРЕРАБОТУВАЧИ НА ТЕКСТИЛ

16.1 Кројачи по мера
16.2 Шаблонери и режачи на текстил
16.3 Шијачи
16.4 Нараквичари
16.5 Шапкари
16.6 Тапетари
16.7 Други преработувачи на текстил

17 ОБРАБОТУВАЧИ НА КОЖА И КРЗНО

17.1 Подготвувачи на кожа и крзно
17.2 Обработувачи на кожа и крзно

18 ПРЕРАБОТУВАЧИ НА КОЖА И КРЗНО

18.1 Кројачи на кожа и изработувачи на кожена облека
18.2 Крзнари
18.3 Други преработувачи на кожа и крзно

19 ЧЕВЛАРИ

19.1 Чевлари, рачно
19.2 Индустриски изработувачи на обувки

20 ГУМАРИ И ПРЕРАБОТУВАЧИ НА ПЛАСТИЧНИ МАСИ

20.1 Ракувачи со машини за производство на предмети од каучук и гума (со исклучок на пневматика)

20.2 **Произведувачи и вулканизери на пневматика**

20.3 **Преработувачи на пластични маси**

21 ОБРАБОТУВАЧИ НА КАМЕН

21.1 **Клепачи**

21.2 **Каменоресци**

22 ГРАДЕЖНИ РАБОТНИЦИ

22.1 **Ѕидари**

22.2 **Делкачи и сродни**

22.3 **Бетонирци и терацери**

22.4 **Покривопокривачи**

22.5 **Поплочувачи и сродни**

22.6 **Гипсари и фасадери**

22.7 **Изолатери**

22.8 **Стаклоресци**

22.9 **Други градежни работници**

23 ПРОИЗВЕДУВАЧИ НА ЦЕМЕНТ И СРОДНИ

23.1 **Произведувачи на цемент, вар, гипс и други инфузорни суровини**

23.2 **Изработувачи на предмети од цемент, камен, азбест и слични**

24 БОЈАЏИИ

24.1 **Градежни бојаџии**

24.2 **Други бојаџии**

25 ПРОИЗВЕДУВАЧИ НА ХАРТИЈА

25.1 **Подготвувачи на хартиена маса**

25.2 **Ракувачи со машини за производство на хартија**

25.3 **Други произведувачи на хартија и сродни**

26 ПЕЧАТАРИ И КНИГОПОДВРЗУВАЧИ

26.1 **Словослагачи**

26.2 **Печатарски машинисти**

26.3 **Стереотиписти и галванопластичари**

26.4 **Печатарски гравери**

26.5 **Репродукциони фотографи и кописти во печатарството**

26.6 **Фотолаборанти**

26.7 **Книгоповрзувачи**

26.8 **Други работници во печатарството и сродни**

27 ПРЕРАБОТУВАЧИ НА ХАРТИЈА И ИЗРАБОТУВАЧИ НА ФОТО-ФОЛИИ

27.1 **Картонажери и изработувачи на хартиена конфекција**

27.2 **Изработувачи на фото-фолии и фото-хартија**

28 ОБРАБОТУВАЧИ И ПРЕРАБОТУВАЧИ НА ТУТУН

28.1 **Обработувачи на тутун**

28.2 **Преработувачи на тутун**

29 ПРОИЗВЕДУВАЧИ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

29.1 **Мелничари и сродни**

29.2 **Произведувачи на шеќер**

29.3 **Месари и сродни**

29.4 **Работници на конзервирање на прехранбени производи**

29.5 **Млекари и сродни**

29.6 **Пекари и тестенинари**

29.7 **Слаткари и произведувачи на слатки**

29.8 **Преработувачи на кафе, какао, чај и произведувачи на зачини**

29.9 **Произведувачи на масла за јадење и на растителни масти**

30 ПРОИЗВЕДУВАЧИ НА ПИЈАЧКИ

30.1 **Пивари**

30.2 **Винари**

30.3 **Производители на ракија и други алкохолни дестилати**

30.4 **Други произведувачи на пијачки**

31 ДРУГИ ИНДУСТРИСКИ И ЗАНАЕТЧИСКИ РАБОТНИЦИ

31.1 **Изработувачи и поправачи на музички инструменти**

31.2 **Кошничари**

31.3 **Изработувачи на четки, метли и сродни**

31.4 **Изработувачи на играчки**

31.5 **Обработувачи на плута**

31.6 **Произведувачи на свеќи и сродни**

32 РАКУВАЧИ СО СТАБИЛНИ МАШИНИ И УРЕДИ

32.1 **Ракувачи со уреди за производство и пренос на енергија**

32.2 **Ракувачи со други стабилни енергетски и други уреди**

33 РАКУВАЧИ СО ГРАДЕЖНИ И СРОДНИ МАШИНИ

33.1 **Ракувачи со справи за копање**

33.2 **Ракувачи со други градежни машини**

34 РАКУВАЧИ СО ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

34.1 **Екипаж на палуба и бродари — лаѓари**

34.2 **Екипаж на машинарници**

34.3 **Машиноводители и возачи на локомотиви**

34.4 **Кочничари, свртничари и маневристи**

34.5 **Возачи на моторни возила**

34.6 **Кочијаши и арабаџии**

34.7 **Други работници на сообраќајни средства и уреди**

35 РАКУВАЧИ СО ДИГАЛКИ, НОСАЧИ И СКЛАДИШНИ РАБОТНИЦИ

35.1 **Ракувачи со дигалки**
35.2 **Носачи**
35.3 **Складишни работници**

36 ТРГОВСКИ ПЕРСОНАЛ

36.1 **Организатори на промет со стоки и сродни**
36.2 **Продавачи и посредници**
36.3 **Магационери и манипулатни со стока**

37 УГОСТИТЕЛИ

37.1 **Раководители на угостителски организации (освен директори на угостителски организации)**
37.2 **Приготвувачи на храна**
37.3 **Келнери и сродни**
37.4 **Други работници на угостителски услуги**

38 РАБОТНИЦИ ЗА НЕГА НА ЛИЦЕТО И ТЕЛОТО

38.1 **Фризери и сродни**
38.2 **Козметичари, масери, шминкери и сродни**

39 РАБОТНИЦИ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ЧИСТОТА

39.1 **Настојници на згради и куќен помошен персонал**
39.2 **Чистачи, перачи и пеглачи на горна и долна облека**
39.3 **Оџачари**
39.4 **Други работници на одржување чистота**

40 РАБОТНИЦИ НА ДРУГИ УСЛУГИ

40.1 **Погребници и сродни**
40.2 **Работници на други услуги**

41 ПЕРСОНАЛ ПО ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА

41.1 **Персонал на милиција**
41.2 **Криминалисти**
41.3 **Чувари и редари**
41.4 **Пожарникари**

42 ВОЕНИ ЛИЦА

42.1 **Воени лица**

43 РАБОТНИЦИ НА УПРАВНИ, АДМИНИСТРАТИВНИ И СРОДНИ РАБОТИ

43.1 **Работници на управни работи**
43.2 **Работници на административни и општи работи**
43.3 **Работници на работи на известување на странки и патнички услуги**
43.4 **Ракувачи со машини за обработка на податоци**
43.5 **Работници на други административни и сродни работи**

44 РАБОТНИЦИ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ, БЛАГАЈНИЧКИ И СРОДНИ РАБОТИ

44.1 **Работници на финансиски и сметководствени работи**
44.2 **Работници на благајнички и сродни работи**
44.3 **Работници на работи на ракување со инвентар**

45 РАБОТНИЦИ НА МАНИПУЛАТИВНИ РАБОТИ НА СООБРАЌАЈОТ И ВРСКИТЕ

45.1 **Раководители на сообраќајот и врските**
45.2 **Возоводители и сроден персонал**
45.3 **Поштари и курири**
45.4 **Ракувачи со телекомуникациони средства во сообраќајот**

46 ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЈА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ЗАЕДНИЦИ И ФУНКЦИОНЕРИ НА ИЗВРШНИ ОРГАНИ И ОРГАНИ НА УПРАВАТА НА ПОСТОЈАНИ ДОЛЖНОСТИ

46.1 **Членови на собранија на општествено-политички заедници на постојани должности**
46.2 **Изборни функционери на извршни органи и на органи на управата на постојани должности**
46.3 **Раководители на судови, обвинителства и правобранителства**
46.4 **Други функционери на собранија и извршни совети на постојани должности**

47 РАКОВОДИТЕЛИ И ОРГАНИЗАТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ВО ДРУГИ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ

47.1 **Раководители и организатори на работењето во организации на здружен труд во областа на стопанството**
47.2 **Раководители во организации на здружен труд на општествените дејности**

48 РАКОВОДИТЕЛИ НА КОМОРИ, НА ОПШТИ ЗДРУЖЕНИЈА, НА САМОУПРАВНИ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ, НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ И НА ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ПОСТОЈАНИ ДОЛЖНОСТИ

48.1 **Функционери и раководители во комори, општи здруженија и на самоуправни интересни заедници на постојани должности**
48.2 **Функционери и други раководители на постојани должности во општествено-политички организации**
48.3 **Функционери и други раководители на постојани должности во општествени организации и здруженија на граѓани**

49 СТРУЧЊАЦИ ХЕМИЧАРИ, ФИЗИЧАРИ И СРОДНИ

49.1 **Хемичари, физичари и стручњаци по сродни науки**
49.2 **Техничари по хемиски, физички и сродни науки**

50 СТРУЧЊАЦИ ПО ТЕХНИКА И ТЕХНОЛОГИЈА

50.1 **Инженери по градежништво и сродни**
50.2 **Електроинженери и сродни**
50.3 **Машински инженери и сродни**
50.4 **Рударски инженери и сродни**
50.5 **Инженери технолози**
50.6 **Инженери по организација**
50.7 **Техничари по технички, технолошки и сродни науки**

51 СТРУЧЊАЦИ ПО СООБРАЌАЈ

51.1 **Инженери по сообраќај и сродни**
51.2 **Сообраќајни техничари**

52 СТРУЧЊАЦИ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

52.1 **Биолози, ветеринари, агрономи и сродни**
52.2 **Техничари по природни науки**

53 СТРУЧЊАЦИ ПО МЕДИЦИНСКИ НАУКИ И ДРУГ МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ

53.1 **Лекари**
53.2 **Фармацевти**
53.3 **Медицински и здравствени техничари**
53.4 **Забари**
53.5 **Болничари и друг помошен медицински персонал**

54 ДРУГИ СТРУЧЊАЦИ

54.1 **Математичари, статистичари и сродни**
54.2 **Статистички и сродни техничари**
54.3 **Економисти, финансиски и сродни стручњаци**
54.4 **Економисти и финансиски техничари**
54.5 **Правници**
54.6 **Стручњаци по хуманитарни науки**
54.7 **Филозофи и сродни**
54.8 **Стручњаци документалисти**
54.9 **Новинари и новинарски соработници**

55 НАСТАВЕН ПЕРСОНАЛ

55.1 **Наставен персонал на универзитетите и високите и вишите школи**
55.2 **Наставен персонал на други школи**
55.3 **Друг наставен персонал**

56 УМЕТНИЦИ И УМЕТНИЧКИ СОРАБОТНИЦИ

56.1 **Литерати и литературни критичари**
56.2 **Сценски уметници и сценски соработници**
56.3 **Музичари и музички соработници**
56.4 **Кореографи и играчи**
56.5 **Ликовни уметници и ликовни соработници**
56.6 **Артисти и забавувачи**

57 РАБОТНИЦИ ВО ОБЛАСТА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА

57.1 **Стручно-педагошки персонал во областа на физичката култура**
57.2 **Професионални спортисти**

58 ПРОФЕСИОНАЛНИ ВЕРСКИ РАБОТНИЦИ

58.1 **Професионални верски работници**

99 РАБОТНИЦИ БЕЗ ЗАНИМАЊЕ

99.1 **Работници без постојано занимање**
99.2 **Работници нераспоредени на друго место**
99.3 **Работници што не можат да се групираат по занимање**

IV. ГРУПИ ЗАНИМАЊА

01 СЕЛСКОСТОПАНСТВЕНИЦИ

01.1 **Земјоделци**

01.10 Работоводители во земјоделство
01.11 Поледелци
01.12 Градинари
01.13 Цветоградинари и цвеќари
01.19 Други земјоделци

01.2 **Овоштари и лозари**

01.20 Работоводители во овоштарството и лозарството
01.21 Овоштари
01.22 Лозари
01.23 Расадничари во овошни и лозни расадници

01.3 **Сточари, живинари и сродни**

01.30 Работоводители во сточарството, живинарството и сродни
01.31 Сточари — одгледувачи на добиток и произведувачи на млеко
01.32 Живинари
01.33 Пчелари и сродни
01.34 Одгледувачи на дивеч
01.39 Други одгледувачи на животни, живина и сродни

01.4 **Раководители со селскостопански машини**

01.40 Работоводители на селскостопанска механизација
01.41 Ракувачи со селскостопански машини

01.5 **Други селскостопанственици**

01.50 Други работоводители во земјоделството
01.51 Работници на заштита на земјоделски култури
01.52 Работници на наводнување
01.59 Селскостопанственици нераспоредени на друго место

02 РИБАРИ И ЛОВЦИ

02.1 **Рибари**

02.10 Рибарски работоводители
02.11 Рибари на море
02.12 Слатководни рибари
02.13 Рибничари и одгледување на риба

02.2 **Школкари, сунѓерари и средни**

02.20 Работоводители собирачи на ловина во вода и на брегови
02.21 Школкари
02.22 Сунѓерари и кораљари
02.29 Други собирачи на ловина во вода и на брегови

02.3 **Ловци**

02.30 Работоводители во ловство
02.31 Ловци
02.39 Други работници во ловство

03 ШУМСКИ РАБОТНИЦИ

03.1 **Сечачи на дрво**

03.10 Работоводители на сеча на дрво
03.11 Дрвосечачи
03.12 Делкачи на стебла

03.2 **Манипуланти со дрво**

03.20 Работоводители на манипулација со дрво
03.21 Изнесувачи (извезувачи) на дрво
03.22 Мерачи и проценувачи на дрво

03.3 **Шумари**

03.30 Работоводители и надзорници во шумарството
03.31 Шумари
03.32 Одгледувачи на шуми

03.4 **Други шумски работници**

03.41 Јагленари и смолари
03.42 Собирачи на шумски плод
03.43 Чувари на шуми и гасачи на шумски пожари
03.44 Други шумски работници

04 РУДАРИ

04.1 **Јамски работници**

04.10 Јамски работоводители и надзорници
04.11 Јамски копачи и дупчачи
04.12 Јамски минери
04.13 Извезувачи и други транспортни работници во јама
04.19 Други јамски работници

04.2 **Работници на површински коп и во каменоломи**

04.20 Работоводители и надзорници на површински коп
04.21 Површински копачи
04.22 Минери на површински коп
04.23 Извезувачи и други транспортни работници на површински коп
04.29 Други работници на површински коп

04.3 **Длабочински дупчачи**

04.30 Работоводители и надзорници на длабочинско дупчење
04.31 Длабочински дупчачи
04.39 Други работници на длабочинско дупчење

04.4 **Облагородувачи на руди**

04.40 Работоводители и надзорници на облагородување на руди
04.41 Флотери на руди
04.42 Сепаратери на руди
04.43 Сушачи и пржачи на руди
04.44 Мелачи и дробачи на руди
04.49 Други облагородувачи на руди

05 ПРОИЗВЕДУВАЧИ И ОБРАБОТУВАЧИ НА МЕТАЛИ

05.1 **Произведувачи и топачи на метали**

05.10 Работоводители и надзорници во производството на метали
05.11 Ракувачи со металуршки печки
05.12 Рафинери на метали
05.13 Електролизери на метали
05.14 Топилничари и предгревачи во преработка на метали
05.15 Леари
05.16 Јадрари и калапари на метални одливки
05.17 Послужувачи на металуршки печки
05.18 Контролори во производството на метали
05.19 Други работници во производството и леењето на метали

05.2 **Валачи на метали**

05.20 Работоводители на валање на метали
05.21 Валалничари на метали
05.22 Извлекувачи на метали
05.23 Истиснувачи на метали

05.3 **Термички обработувачи на метали**

05.30 Работоводители на термичка обработка на метали
05.31 Загревачи на метали
05.32 Усвитувачи на метали
05.33 Калилничари на метали
05.34 Заварувачи и режачи на метали

05.4 Други обработувачи на метали

05 40 Други работоводители на обработка на метали
05.41 Лемачи
05.42 Галванизери
